СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 11 март 1993 година

Скопје, март 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ПРВОТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 57-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 11 МАРТ 1993 ГОДИНА**


1. АРСОВ ДРАГИ – 6, 75
2. АЛИУ ХАМИД - 21
3. БОШКОВ ЈОРДАН - 2
4. ГОШЕВ ПЕТАР - 70
5. ГОШЕВ ТУШЕ – 7, 11
6. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО – 83, 99
7. ДИМОВСКА ДОСТА - 104
8. ЃОРЃИЕВ ПЊТАР - 14
9. КРСТЕВСКИ НИКОЛА – 68, 70
10. МАРКОВСКА ЃУЛИСТАНА - 12
11. МАНЕВ ЕФТИМ - 19
12. МИНОВ ВАНЧО - 81
13. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 78
14. ПЕТРОВ ТОДОР - 43
15. ПОПОВСКИ НИКОЛА – 31, 40. 93, 95, 97, 98, 102, 103
16. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 47, 53, 54, 55, 60, 65
17. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 22, 39, 40, 56, 57, 60, 63, 64, 67
18. СТЕФАНОВ ПЕТРУШ – 3 (од Влада)
19. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 10

20 ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 20

.21. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 28

22. ХАЛИТИ АБДУРАХМАН - 41
23. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 78


седницата продолжува

## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од првото продолжение на Педесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 11 март 1993 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 10,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Пратениците Александар Гештаковски и Ристо Стаменов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и Собранието може полноважно да одлучува.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 2 во новиот член 15-а, став 3 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Комисијата за стопанство поднесе амандман на член 2 во новиот член 15-а; ЗПК поднесе амандман на член 2 во новиот член 15-а, став 2, а пратеникот Наќе Стојановски поднесе амандман на член 1 со кој се согласил претставникот на предлагачот односно Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на закон.

Пратеникот Зоран Китев поднесе амандман на член 2 во новиот член 15-а, став 2 и истиот го повлече на седница на ЗПК.

Пратеникот Горан Зафировски поднесе амандман на член 2 за бришење на ставот 4 на новиот член 15-а.

Пратеникот Коле Луловски поднесе амандман на член 3 во новиот член 94-а, став 1;

Пратеникот Драги Арсов поднесе амандман за бришење на член 1, а пратеникот Јордан Бошков поднесе амандман на насловот со кој Влада[та не се согласува.

Пратеникот Вецко Личовски поднесе амандмани на член 1, член 2 во новиот член 15-а, став 1, 2 и 4 и на член 3 во новиот член 94-а став 1 за додавање нова алинеја и за бришење на ставот 2 со кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на насловот поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Молам кој бара збор?

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Дами и господа, јас сакам само да Ви напоменам дека овој амандман се однесува на насловот на предложениот закон. Имено сметам дека од формален аспект може да се третира дека имаме дополнување на постојниот закон, но од суштински аспект не може да стане збор за дополнување , бидејќи решенијата содржани во предлогот во корен ја менуваат состојбата. Така да ќе настанат поинакви процеси во спроведувањето на овој закон. Затоа апелирам до вас да не се користи еден термин, дополнување кој едноставно ги ублажува нештата.

(Во отсуство на претседателот со седницата продолжи да раководи потпретседателот на Собранието на Република Македонија, Џеладин Мурати)

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на насловот поднесен од пратеникот Јордан Бошков.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 1 поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за молам, да крене рака? (19)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот за бришење на член 1, поднесен од пратеникот Драги Арсов.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Вецко Личовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (20)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Вецко Личовски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 , во новиот член 15-а, став 1, 2 и 4 поднесен од пратеникот Вецко Личовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за молам, да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 во новиот член 15-а, став 1, 2 и 4, поднесен од пратеникот Вецко Личовски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за бришење на став 4 во новиот член 15-а поднесен од пратеникот Горан Зафировски.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 за бришење на став 4 во новиот член 15-а поднесен од пратеникот Горан Зафировски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член94-а став 1 поднесен од пратеникот Коле Луловски.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (21)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 во новиот член 94-а став 1 поднесен од пратеникот Коле Луловски

Отворам претрес по амандманот на член 3 во новиот член 94став 1 за додавање нова алинеја и за бришење на став 2 поднесен пратеникот Вецко Личовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе по амандманот.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам, кој е за да крене рака? (22)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 во новиот член 94-а став 1, за додавање нова алинеја и за бришење на став 2 поднесен од пратеникот Вецко Личовски.

Во меѓувреме има пристигнато нов амандман, доставен денес во 10, 45 часот.

Амандманот го поднесе пратеникот Драги арсов а гласи: "Во членот 2 односно член 15-а став 1 по зборовите- работоводниот орган во организацијата за производство пренесување и дистрибуција на електрична енергија се додава нов текст кој гласи: " во согласност со Синдикатот ги утврдува работите кои мора да се извршуваат за време на штрајк за да може да се обезбеди снабдување на потрошувачите со електрична енергија ". Другиот текст од став 2, став 3 и став 4 од овој член на законот се брише.

Молам да се произнесе Владата по овој амандман.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го слушнавме мислењето на Владата.

Има збор пратеникот Драги Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Имам една процедурална забелешка.

Прво требаше по амандманот јас да се произнесам, како предлагач, а потоа Владата. Меѓутоа, сепак, ја користам оваа прилика во врска со овој амандман на Законот за енергетика, во членот 2 односно во членот 15-а став 1 што е составен дел на овој член, па според овој амандман предлагам да се изврши измена односно во текстот после зборовите "работоводниот орган во организацијата за производство да се додаде нов текст кој гласи

"во согласност со Синдикатот ги утврдува работите кои мора да се извршуваат за време на штрајк, за да може да се обезбеди снабдување на потрошувачите со електрична енергија.

Ваквиот текст што го давам со овој амандман сметам дека нуди едно целисходно решение затоа што овде работоводниот орган само во согласност со Синдикатот, за кој што сметам дека штрајкот е тесно поврзан и единствено може да се оствари тоа право, правото на штрајк на Синдикатот заедно со работниците како една голема и значајна придобивка на синдикалното движење и на демократскиот развој воопшто, дека треба само во договор со нив да се уредуваат работите кои треба да се извршуваат за време на штрајкот и дека ова решение што сака тука да се постигне со овој закон односно со овој овој член во законот може да се најде решение, но пак велам во договор со работниците , во договор со Синдикатот, дури и за оние случаи кога треба ДЕ се обезбеди снабдување на потрошувачите со електрична енергија односно во оние случаи кога е во прашање општиот интерес на заедницата. Ако со овој амандман кој го овозможува тоа решение се прифати, мислам нема потреба од другите два три става што се нудат со овој член од законот односно со членот 2.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Го слушнавме мислењето на подносителот на амандманот.

Имавме и мислење на Владата.

Има збор министерот Туше Гошев.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Ако го погледнете амандманот и тоа како беше дадено образложението, мислам дека мериторно ги промашува ингеренциите кои сака да му ги додаде на Синдикатот, од причини што, ако го погледнете

членот 7 став 3 од Законот за штрајк каде кажува со општ акт односно со колективен договор во согласниот со законот се утврдуваат работите и задачите од став 1 на овој член, а тоа се задачите минимум на процесот на работа и другите обврски на овој член и начинот на нивното извршување за време на штрајкот. Во овој случај не може да станува збор за било каков договор на работоводниот орган и на синдикалната организација да ги определува кои задачи ќе се вршат за време на штрајкот. Тоа треба да биде определено со општ акт на организацијата што таа треба сама да го има во согласност со Колективниот договор и на кој начин ќе треба да се извршуваат тие задачи. Единствено што останува на работниците, во случај на штрајк е да поднесат изјава врз основа на Правилникот што го имаат усвоено во Работната организација која обезбедува минимум услови за остварување на она што треба да биде обезбедено согласно член 7 став 1, алинеја 1 и 2, а тоа е со општ акт односно со Колективен договор во согласност со Законот се утврдуваат работите и задачите од став 1 на овој член и начинот на нивното извршување за време на штрајкот. Не може да стои било каков договор во оваа смисла меѓу синдикатот и директорот. станува збор само за извршување на тој самоуправен општ акт кој работниците сами треба да го усвојат во претпријатието.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по поднесениот амандман и амандманот го ставам на гласање.

Молам кој е за молам, да крене рака? (23)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот поднесен од пратеникот Драги Арсов, во членот 2 односно во член 15 став 1 од предложениот закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор дава процедурално господинот Томислав Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници исто што ни се случи на една од претходните седници, пак денеска ни се повторува со давањето на збор на министерот господинот Тушев да се изјаснува по амандмани неовластено, и антипротивно на Деловникот по Законот за енергетика. Мислам дека во предлогот што ни е даден, јасно стои дека повереници претставници се од Министерството со господинот Петруш Стефанов, Бошалевски и други. Оваа иста диверзија ни се прави како што ни направи господинот Андов со Стево Црвенковски кога си дозволи пет дена да го проучува стенограмот, одговорот на нашиот претседател Љупчо Георгиевски и испадна овде дека дели лекции на некого.

Бидејќи од вчерашната расправа и денес јасно се искристализира ставот на нашата пратеничка група, морам да бидам отворен и да речам дека пратеничката група, поради ваквиот начин на работење нема да учествува во донесувањето на законот за енергетика.

(Пратениците на пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ ја напуштија салата) .

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор бара министерот Петруш Стефанов.

**ПЕТРУШ СТЕФАНОВ:**

Почитувани пратеници Владата во предлогот за донесување за дополнување на Законот за енергетика за претставник ме одреди мене ако министер за стопанство и двајца повереници. Со оглед на тоа дека со овој амандман што пред малку беше на разгледување е доставен пред 10-тина минути, Владата согласно деловникот има право да одреди во тој момент претставник кој што ќе се произнесе по тој амандман.

**ТУШЕ ГОШЕВ:**

Исто да кажам, за да знае јавноста дека Владата со овој заклучок за одговор на правната положба спрема уставот и законите на самиот закон, ме овласти мене, а за суштината на законот да расправа ресорниот министер. Така да имам полномошно да расправам за правната проблематика на амандманите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Продолжуваме со работа.

Ете сега една замолница дека во иднина треба да излегува претставник кој е овластен од Владата да ги брани предложените закони што се на дневен ред.

Дали уште некој друг бара збор? (Никој). Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по Текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Пратениците креваат рака).

57 пратеници гласаа за.

Дали има против? (2)

Дали има некој воздржан (6)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за дополнуваше на законот за енергетика.

Пред да минеме на наредната точка од дневниот ред ги молам службите да ги повикаат пратениците на Пратеничката група на ВРМО—ДПМНЕ, бидејќи станува збор за друг закон.

Во меѓувреме пристигна претседателот на Собранието Стојан Андов и тој продолжи да раководи со седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 2** - <u>Предлог за донесување на Закон за дополнување на Законот за претпријатија со Предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за стопанство и ЗПК Ви се доставени.

Комисијата за стопанство предлага на оваа седница да се претресе само предлогот за донесување на закон, а не и предлогот на законот.

Законодавно- правната комисија констатира дека нема потреба од донесување на законот за претпријатијата бидејќи тој не придонесува за доградба на правниот систем.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави госпоѓа Марковска.

**ГУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитувани пратеници во мојава дискусија ќе се обидам да кажам збор два, повеќе за одредени мои принципиелни забелешки во врска со Предлогот за донесување на закон и Предлогот на закон, без да навлегувам во содржинска расправа.

Како прво, оваа точка вклучително и првата точка, нам ни беа предложени како итни точки, односно на барање на Владата од 1.3.1993 година, беше предложено да се свика итна седница на Собранието. Прашањето за итност навистина губи од актуелност доколку е побарано седницата да се свика на 1 а се расправа на 10, и повторно се расправа на 11 односно денеска, што значи дека незнам кое е тоа прашање, кое што по прашање на итноста чека цели 11 дена. Мислам дека и Деловникот на ова Собрание го наруши самото тоа што не се испочитува член 99 став 3 во кој што се вели дека на седницата најнапред се расправа за итноста. Ние тоа

не го сторивме, што значи дека ако расправавме по прашање на итноста, може би оваа седница немаше да има итен третман, т.е. ќе го добиеше третманот на редовна 57 седница која ќе се одржеше после завршувањето на 56-тата.

Втора работа дури и процедурално, мислам дека Владата не се потруди овој закон да ни го достави во форма во каква што ги доставува сите закони, затоа што членот што се менува, кој што трпи промена тоа е член 24 од Законот за претпријатија, за кој што ќе потсетам дека е закон пред се Сојузен, објавен 1988 година, па потоа дополнет и од 19989 година, за да добие дополнување во август 1^90 година и повторно во декември. Што значи како која гарнитура доаѓала го прилагодувала на дневните актуелно- политички настани, без да се потруди оваа Република да добие свој закон. Овој закон не ни е доставен во целосна форма. затоа гледам дури и пратеничката група на ПДП го издвоила, со тоа што направила свој посебен амандман, односно доволно го проучила за да се види дека членот 24 и покрај тоа што е разглобен под А, Б, В, Г, сепак има своја целина. Исто се однесува и за членот 19 6. Што значи дека дури ни процедурално не ги исполнува условите за да се најде овој предлог на Собраниските клупи.

Од трета страна, Владата итноста на седницата ја објасни со тоа што штрајкот што се случи во РЕК Битола со Законот за претпријатијата би работело во превентива односно би го спречила штрајкот во други јавни претпријатија. Навистина е жално, во оваа држава како што е нашава ако извршната власта смета дека правото на штрајк во јавните претпријатија, за кој сеуште не знаеме кои се, спречи со тоа што ќе воспостави свои луѓе во гарнитурата на управните одбори односно ќе воспостави раководни луѓе, како директори или членови во управниот одбор. Тоа сигурно нема да ги спречи ниту социјалните тензии, ниту пак на тој начин ќе се купи

социјалниот мир во Република Македонија. И мислам дека, доколку тоа сака да го направи оваа извршна власт, подобро би било со декрет да го забрани правото на штрајк, затоа што и онака секој што ќе изрази незадоволство од актуелната власт, односно кој што нема ништо против власта, меѓутоа сака да искажа свое одредено човечко право и незадоволство на секој еден ваков настан се гледа како на исполитизиран настан, односно понатаму следуваат санкции од друг тип, доколку истите не се применат.

Според тоа во оваа расправа во врска со донесувањето на законот, пред се ќе кажам дека нема да ја поддржам расправата ниту по предлогот за донесување на ваков закон ниту пак, уште полошо, по Предлогот на закон за претпријатија, од проста причина што оваа Република треба да се потруди да донесе свој закон за претпријатија, бидејќи таквиот закон е сојузен и постои од 1988 година.

Потоа треба да се потруди да донесе закон за јавни односно за државни претпријатија, пред се, да донесе свој закон за штрајкот, закон за работни односи и како капитален закон, закон за трансформација на капиталот во општествените претпријатија, кој што ќе разреши определени проблематики а не само да мисли дека преку решавање и ставање на свои луѓе во управните одбори ќе го купи социјалниот мир во Република Македонија.

**ПЕТАР ГОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, Комисијата за стопанство заседаваше додека се утврдуваше дневниот ред на 57-та седница и не беше во можност да се изјасни во делот на Предлогот на Владата, предложениот закон за дополнување на Законот за претпријатијата да биде донесен во скратен^а постапка, однос на истата седница.

Комисијата за стопанство заседаваше на двапати и во очекување на мислење на ЗКП на втората своја седница предложи законот за измени и дополнување на Законот за претпријатијата да биде донесен во две фази, во редовна постапка. Тоа од следните причини:

Прво, кон предлогот за донесување на измени и дополнување на Законот нема комплетно образложение, кои се целите и што се очекува со дополнувањата на Законот. Сметаме дека едно такво пошироко образложение треба бидејќи не доволно само да се утврди делот на итноста преку тоа што законот не е обемен односно може да се донесе по скратена постапка.

Сметаме дека дополнувањето што се предлага од страна на Владата има суштинска природа и завлегува во суштината во делот на организациониот облик на претпријатијата што имаат јавен карактер, а тоа е во делот, управувањето, раководењето и утврдување на одговорноста во делот на сегментот на управувањето и раководењето. Нема покомплексно образложение од страна на Владата во делот на сегашната организационата поставеност на претпријатијата што имаат јавен карактер, како во делот на материјалната сфера на претпријатијата така и претпријатијата што се во делот на општествените дејности. Што значи, каков одраз ќе имаат овие промени во делот на организирањето што досега не е адекватно постапено во скоро сите системи од јавен карактер и сигурно дека со донесувањето на овој закон ќе бидат предизвикани и различни дејствија во тие системи, како што се ЖТП, ПТП Електростопанството, јавните претпријатија за патишта и јавното претпријатие за авиосообраќајот. Исто така, овој закон ќе се однесува и на претпријатијата од јавен карактер во општествените дејности "Нова Македонија", РТВ итн. Што значи дека има сериозни обврски за да се спроведе законот после неговото стапување во сила.

Уште една причина законот да биде донесен во две фази или во редовна постапка, е затоа што имавме а не можеме да ги одбегнеме настаните што беа во РЕК Битола и сигурно непосредната поврзаност со донесувањето на овој закон со настаните во РЕК Битола. Инаку, не сакаме да ги поврземе, сами по себе тие ќе дојдат и затоа сметаме дека еден период на одредено согледување е потребен, а во рамките на таквите согледувања на одреден начин ќе се расчистат определени нејаснотии во делот на намерата односно потребата на овој закон.

Со овој закон, а сериозно треба да се размисли во делот на постапката за неговото донесување, ставањето на целосна контрола или подконтрола на делот на управувањето и раководењето од страна на Владата во сите овие сфери од јавниот сектор. Дали, а сигурно е цел на секоја власт која што ќе се освои, да има контрола, а дали не со едно вакво решение ќе овозможиме нешто друго, сигурно во други изборни резултати, токмо во овие сектори да имаме и чест и промени кои што на одреден начин не се сигурно и адекватни или пак не можат да имаат во тие моменти сигурно и одредени користи.

Трета причина што е во прилог на тоа законот да не се донесе по скратена постапка се бројните амандмани што се сега предложени на самиот закон и упатуваат на тоа дека овој закон треба на определен начин поопстојно да биде разгледан, а амандманите да бидат земени предвид како мислења од страна на Владата кои како од сови согледувања за да може после тоа да предложи закон кој што ќе биде сигурно поопстојно разгледан од парламентот.

Самиот закон ќе предизвика суштинска промена во актите на претпријатијата. Веднаш се во обврска да ги менуваат своите акти, а тие како што реков претходно не се во можност тоа да го направат за кратко време и сигурно дека во една таква брза промена. може да дојде и до одредени потреси во самите системи бидејќи се тоа сигурно  системи што

се од витално значење за републиката.

Исто така не можат да се стават сите претпријатија од јавен интерес на едно рамниште, без опстојно согледување во ваков начин на организирање. Затоа, најверојатно, треба една опстојна анализа и согледување, посебно на системите од јавен карактер во областа на нестопанството како што се системот на Радио и телевизијата, системот на информатиката, за на претпријатијата, затоа што и досега тие имаа различен начин на организирање на управувањето. Оттука сметам дека со вакво едно решение, поистоветување на делот на управувањето и раководењето во материјалната сфера од јавниот карактер и сферата од општествените дејности, сметам дека не би можело на одреден начин идентично решение да се понуди.

Исто така во Комисијата посебно беше елаборирано мислењето на Владата односно претставникот на Владата, кој што укажа на тоа дека во процедура, наскоро ќе бидат пуштени два закони од кои едниот е непосредно сврзан со овие дополнувања што сега ги правиме односно предлага, а тоа е законот за претпријатија и дури има и размислување да се поднесе односно Владата да понуди посебен закон за јавните претпријатија. Ако веќе таквото размислување е ставено на хартија и ако тоа размислување може да дојде во Парламентот во најскоро време, а тоа сигурно може да се забрза во рамките на Владата тоа би било уште едно подобрување на ова решение што денеска го нудиме и на определен начин од страна на Владата ние да имаме еден предлог пред парламент кој што ќе биде многу поиздржан и сигурно поадекватно применлив за спроведување ан определени промени во делот на управување, раководење во претпријатијата од јавниот сектор.

Уште една причина, ова што претходно го кажавме, е тоа што мора да претходи законот на претпријатијата н законот за трансформација на

општествениот капитал. Ние Законот за трансформацијата на општествениот капитал го минавме веќе во две фази. Тој веќе е во завршна фаза. Овие денови очекуваме од страна на Владата да добиеме и Предлог на закон, а го немаме во процедура пуштено Законот за претпријатија. Не ќе можеме, апсолутно, да расправаме по Предлогот на законот за трансформацијата на општествениот капитал доколку го немаме на увид или ги немаме на увид решенијата што се нудат во Законот за претпријатијата. Од тие причини сметам дека овој период, кој не мора да биде подолг од 15 дена, најмногу до 1 месец, би можеле сите овие напред наведени причини да ги ставиме на хартија и на определен начин да донесеме соодветен закон што ќе биде применлив во практиката. Тие се основните причини што ја мотивираат Комисијата за стопанство да му предложи на Собранието Законот да биде донесен во редовна процедура.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, Законодавно- правната комисија не го прифати донесувањето на Законот за дополнување на претпријатијата, од причини што оценивме дека не го доградува правниот систем. Исто така, јас лично мислам дека овој Закон не го доградува правниот систем, поконкретно во Законот за претпријатијата, каде што се регулира една огромна материја од областа на стопанството. Со овие дополнувања се врши мала интервенција во областа на управувањето на јавните претпријатија и со оваа интервенција можам да кажам дека многу малку е кажано за јавните претпријатија. Се регулира управен одбор, кои ингеренции ќе ги има управниот одбор, кои ингеренции ќе ги има директорот. Дали истите ингеренции што ги имал Работничкиот совет или директорот на општествено претпријатие. По убедуваше и по размислување на ЗПК дури повеќе е регулирана материјала за јавните претпријатија отколку за другите односно за претпријатијата во општествена сопственост. Дали овој Парламент и Владата, не е време за изоцени дека Законот за претпријатија е сосема деградиран и воопшто не користи од денешниот правен сообраќај во Македонија. Како би погледнале ние на претпријатијата во општествена сопственост. Насекаде меѓу нас кој и кои било од која партија и со министри и со било кој граѓанин да разговараш, сите гледаме еден хаос во стопанството. Кој треба тоа да го реши? Оваа Влада и овој Парламент. Сите зборуваме дека во стопанствата од општествен капитал е крајно растурање на имовината. Никој не може да ја контролира. Каква е функцијата на сегашниот директор во општествените претпријатија? Каква е функцијата на Работничкиот совет каде што сега имаме акционерски друштва, каде што има управни одбори, собранија?. Дали тоа треба да биде така? Во прво време, мислам дека акционерскиот

капитал во некои претпријатија е 80 или 60%, со искажувањето на г-динот Миљовски, тој ги сведуваше дека тие се многу малку. Мене ми се чини дека најреално решение е да се седне, да се достави Законот за претпријатија во процедура, во Парламент, ми се чини дека многу побрзо ќе излеземе од оваа состојба, отколку со вакви мали интервенции. Ова ништо нема да помогне, ниту на Влада, ниту на Македонија. Законот за претпријатија мора да е во процедура и да излезе паралелно со Законот за трансформација на капиталот. Инаку сето тоа друго е пропаст. Законот за работни односи, кој го регулира правото на работникот во овие претпријатија? Никој. Ми се чини дека од тие причини сметам дека овој Закон не треба да влезе во процедура, Владата што поитно да го пушти тој Закон во процедура. Бевме известувани неколкупати дека ќе промени Владата нови пакети. Кога ќе дојдат? Работата на овој Парламент е веќе при крај. За година, година ипол може да се распушти. Може и порано да се распушти. Дали ќе се чека трансформација или решавањето на судбината на титуларот на сопственоста на имовината да стои уште многу. Не стои. Само можеме да дојдеме во хаос.

**ЏЕЛАЛ ТАИРИ:**

Јас ќе кажам само накратко околу извештајот на ЗПК. Пред малку го чувме известителот на оваа комисија г-динот Ефтим Манев кој што кажа дека Комисијата го нема прифатено овој Предлог закон. Тоа е точно и сето она што го кажа има и свое значајни, меѓутоа јас како известител на Комисија, сметам дека сепак требаше да каже дека одредени членови на таа Комисија не го делат тоа мислење. Мислам тоа би било задача на

известителот дека и тие други членови кои што во Извештајот стои дека предложениот закон придонесува за доградба на правниот систем итн. исто така сметаа дека е нужно во моментот донесувањето на новиот закон за претпријатието, или системскиот закон да се уредат овие прашања, меѓутоа, со оглед на значењето и состојбата во која се наоѓаме до донесувањето на тие закони неопходни се и овие мерки што Владата ќе ги преземе. Мислам дека сепак како известителна Комисијата би требало да ја кажам р едната страна и другата. Што рекле едните членови на Комисијата, а што рекле другите членови. Затоа сепак мислам дека е реално да се каже за двете страни на медаљата на таа Комисија.

**ХАМИТ АЛИУ:**

Почитувани пратеници, ценето Претседателство, мораме да бидеме принципиелни до крај. И претходниот Предлог закон за дополнување на Законот за енергија што го донесовме и овој Предлог закон се исти. Јас ќе ги употребам зборовите на премиерот на експертната влада, за мене двата закона се реално крпеници. Меѓутоа, со оваа празна правна празнина ние да ги донесеме затоа што мораме да имаме еден аршин за двата закона. Комисијата за стопанство на првата своја седница имаше аршин овој Закон да се донесе во скратена постапка. На втората седница каде требаше да се усогласи со ЗПК која е компетентна од правен аспект, јас мислам дека ако денеска не го донесеме овој Предлог закон, и ако донесеме закон за претпријатијата, н е го доградуваме правниот систем. Правниот систем и кодификацијата се знае како треба да се донесува и кога треба да се формира. Од друга страна можеме да го донесеме за временски период В_Q најкратко време да се донесе Законот за претпријатијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само еден момент нешто да соопштам. Во овој момент ви е доставен амандман од г-диниот Томислав Стојановски на Законот за дополна на Законот за енергетика. Тој е доставен во 11.40 часот во архивата, но, претходно јас влегов во 11.30 часот овде, кога Законот беше изгласан. Според тоа, не можеме да постапиме по овој Амандман.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

По однос на тој амандман дали е на време или не е, не говорам, нека стои процедурата која следи во Собранието, што ќе биде со него накнадно ќе се одлучува, но сега јас ќе говорам за овој Закон за претпријатијата, за дополнување на Законот за претпријатијата и ќе сакам да се осврнам и дополнам на она што г-динот Ефтим Манев не го изнесе како известител на ЗПК. Тоа е едниот дел и вториот дел да направиме една стручна работа, што значи има потреба и што значи има уставна поткрепа еден закон во согласност со Уставот. Господа, ни се дава предлог на закон за дополнување на Законот за претпријатија. ЗПК после повеќе часовно расправање заклучи дека нема потреба од донесување на овој Закон од причините наведени во извештајот и кои сега ќе ги кажам. Морам да го користам текстот како доказ од кој ќе произлезе непостоење потреба за донесување на овој закон. Член 1 па после доага член 24~б вели: "со јавните претпријатија основани од Република, управува Управниот одбор". Почитувани пратеници, ова е став први на тој 24-б член. Станува збор веднаш имаме 24-в кој говори дека со јавно претпријатие основано од Република Македонија директорот го именува и разрешува Владата на Република Македонија. Што сакам да кажам овдека. Јасно се говори и во едниот и во другиот член за кои именувања станува збор, односно во кои јавни претпријатија, а тоа се: претпријатијата што ги основа Собранието на

Република Македонија. Ако е Собранието тоа, кое ги основа овие претпријатија од каде мудроста на Владата да извлече право за себе друг да е сопственик на капиталот, тие да даваат органи кои ќе раководат и управуваат со тоа претпријатие. Значи именителот не е исти. Ако говориме од уставното начело, член 58 дека сопственоста и трудот се основ на управување, тогаш од каде на Владата право на сопственост, кога овие претпријатија ги оформува Собранието. Неговата сила ќе биде во тоа ако и тој што ги оформува и управува со тие претпријатија и затоа ние цениме од ваков закон нема потреба, затоа што не да се надградува системот, туку со ова нешто се разградува системот оформен во Уставот. Понатаму кога одевме доаѓаше член 3 кој говори со општи одредници, одредбите од законите со кои се уредуваат прашањата за начинот и постапката за избор и именуваше на органи на управување и на работоводниот орган на претпријатијата, односно сега пак и тука говори за општествен интерес, Уставот познава јавен интерес, текстот не се поправи никако и нема потреба од однесување на такви закони кои ќе штитат општествени интереси тие, основани од Република велиме престануваат да важат. Дали со ова ние ќе треба да имаме законодавство или бајачка. Ваков текст ЗПК која има и за цел да го подобри текстот не го прифати. Овие се основните причини од кои се расправаше во ЗПК целосно. Јас сега ќе кажам и навистина ќе направам една отстапка од ветувањето дека нема да говорам за Законот кој мина. Ние во ЗПК имавме една непријатна вест кој на првиот ден на седницата се експлоатираше од одредени членови на Комисијата дека седницата не била водена квалитетно, и дека треба некој од таа Комисија да си оди. Се бараше од Законот кој се нуди на разгледување да се донесе одлука дали има потреба, или нема и дали е во склад со Уставот

или не, пред да се дискутира за самиот закон и за неговата содржина. Ние се впуштивме во расправа за содржината, па од таа дискусија утврдивме дали има потреба или не, а луѓе кои не ја разбираат работата, како деца кои плачат, веднаш ќе го разрешуваат некој. Ова е неприципиелнсот за работа и затоа наредниот ден дојдовме да ги применуваме правилата, а не демократијата, правилата на процедура прво да го разработиме Законот општо и поединечно, па дури тогаш ако ни одредуваат одредбите од Деловникот да се произнесуваме за негово место да има место за негово донесување или не. И дали е во согласност со Уставот, или не е во согласност со Уставот. Откако вториот ден ова го направивме, ние утврдиме со 5:4 ќе го известам и Собранието седницата на ЗПК започна да работи со 7 члена. Работевме повеќе време и пред самото гласање за донесување на одлука дали овој Закон ќе има потреба да се донесе, или не и дали е во согласност со Уставот , ние од 7 станавме 9, во моментот на гласањето за потребата на овој закон. По право сите присутни дека можат да земат збор во било која фаза на постапката, јас ги применив одредбите на демократија членовите на Комисијата дадоа свој збор и се изјаснија дека по нивно видување овој закон и ако се менува сега органот кој треба да ги именува директорите, со тоа се менува системот, а системот не е изработен, останува целиот закон за претпријатија, бидејќи овде се говори само закон за дополнување иако содржински во 194-з, односно член 3 говори за престанок на одредени членови од други закони, тоа значи дека се изменува тој закон, не му одговара на името и покрај тоа ние како припадници на коалицијата сметаме дека овој закон има место да се донесе.

Господа да ја напуштиме теоријата мораме да ги донесеме законите што побрзо, тоа подобро. Јас не сакам да се користам со метафори, да предизвикаат смеење, меѓутоа дали ќе ни бидат лоши закони добра работа да ги донесеме по секоја цена. Ќе кажам не. Ако се говори за систем овој Закон е од системските закони. Во образложението на предлагачот, никаде не стои зошто на основачот, а според член 68 од Уставот, каде Собранието има право да именува носители на јавни функции и членот 91 има иста содржина.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (Продолжение)

Таму е мислам алинеја 13-та а ваму беше 16-та. Штом презема Владата тоа да го прави, што е причината да се напушти системот на сопственикот да му се одзема правото да управува со имотот. Владата не ни даде образложение за таа работа. И, ако не ни даде образложение, не можеме да бидеме напаѓани за опструкција. Законот може да има конструкција, содржина, опструкција на тој закон не може да постои. Може да постои поинакво мислење, а тогаш што станува? Се надградува Законот во содржината на текстот.

Меѓутоа, предлагачот на законот во ниту еден момент не беше склон да говори за измена сам да си поднесе амандман на вакви неразбирливи членови, на ваква неразбирлива содржина.

Посебно што е, јас тоа ќе го примам не како чекор понапред, туку навистина намера да се соработува со Собранието и Владата повеќе да не мисли дека Собранието ќе му биде сервисна служба па ќе си нарача закон во Собранието и тоа под името конструкција, позиција, таква ни е положбата, таква е сега меѓународната положба, ние мораме тоа да го направиме. Ќе предложи закон што ќе ја штити државата и интересите на оние што живеат во државата, а не интересите на оние што владеат во државата. И овде, ако се одземе правото на управување на сопственикот, навистина се нарушува уставниот принцип по член 58. Тоа е основното поради кое основното кое ЗПК а и јас како правник тврдам за оваа работа дека не може овој закон да мине.

Да ја завршам мислата, кога министерот, говорејќи дека е поприфатливо да оди во две фази, во редовна постапка, ќе има место ние да разговараме, да се убедуваме, да се разубедуваме, да ги проверуваме нашите политички и правно- знајни права и обврски, да можеме да изградиме еден закон што ќе може да има смисла во животот. Закон кој нема смисла. Кој не може да се применува, кој ќе има штетни последици од примената, не е закон туку е насилие, без разлика кој тоа го направил. И, скратена постапка, јас незнам до кога ова ќе биде?

Во ЗПК ние застанавме на овој заклучок, ако овој закон го пуштиме вака да биде донесен, денеска предложен, а ние заседававме, членовите на ЗПК, кои работеа од почеток до крај, господа, го примија овој текст 15 минути пред да заседаваат. Како ќе може, по чија совест, по чиј разум ќе може некој да крене рака овде ова го уважувам, без капитално образложение зошто така се бара.

Штом министерот прифати да оди во две фази, сега ние ќе можеме навистина да говориме, да, ако бараме измена на Законот, дали ќе ни годи или не, не значи дека тој закон ќе биде донесен. Меѓутоа, заклучокот на ЗПК што овде не е даден е овој ако вакви закони се усвојуваат, ќе се даде можност и комодитет на Владата да си ја заврши постапката за освојување на власта, за уредување и именување на директори во одредени, само одредени јавни претпријатија, другото да не ги интересира и донесување на целиот закон за претпријатија да чека поволни времиња односно погодност кога Владата ќе има за волја да го тоа чини. Ќе ми се приговори веднаш. Што? Па, господа, Владата не е само предлагач за донесување на закони.

Тука е пратеникот, пратениците и група граѓани во одреден број. Дали ќе има потреба повеќе да елаборирам што значи донесување на закон или само во две три точки да кажам кога е тоа потребно и како.

Основно што е, при донесување на еден закон, треба да се согледа кои се финансиските состојби, кои се стопанските состојби, кои се управните состојби, кои се обврските на државата и кој е тој што ќе треба законот да го изврши и на крајот, со кои средства и потреби тој закон ќе се извршува. Пратеник и група на граѓани овие елементи не можат да ги соберат од една година. Меѓутоа Владата ја има таа можност тоа да го направи веднаш. А, во дадениот предлог вие ама со ништо немаме кажано дека овој закон ги има во поткрепа тие, тие, тие и тие околности. Затоа сакаме да кажеме да престанеме со ваква норма на донесување на закони.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа.

За мене беше многу необично и пренапрегнато кога во вечерните часови на трети ја добив телеграмата во која се велеше дека Собранието на Република Македонија ќе заседава на 4-ти март поради донесување на два закони што имаат итен карактер, само со едно образложение, без никаков друг материјал и така и јас како пратеник ќе бидам во состојба да нешто повеќе кажам, додадам и овие два закони, Законот за енергетика и Законот за претпријатијата да бидат успешно поминати низ оваа собраниска сала, односно утре си ја најдат својата практична примена во животот.

Меѓутоа, мислам како пратеник, на такво нешто не би можел да се потпрам поради тоа што секое едно пренасилено, пренапрегнато донесување води до неуспех на донесувањето на тие законски прописи. Мислам дека и Законот за енергетиката пред малку што беше донесен го

покажува тоа, мада некои со тоа нешто и со тој потег си однесоа една "Пирова победа" наспроти реагирањата што беа од страна на работниот колектив на РЕК Битола.

Што се однесува до овој закон, Законот за претпријатијата како што изнесе и колешката Марковска, кој е донесен 1988 година од Собранието на поранешна СФРЈ, неколку пати преименуван, дополнуван итн., последното свое дополнуваше го должи на 18-ти октомври 1990 година. Тоа беше еден период кога и за тој период во таа поранешна Југославија одговараа тие состојби и така се применуваше Законот за претпријатијата. Термините што се употребуваа во тој закон, бидејќи накнадно го добив, мислам дека во наши услови на независна самостојна Македонија и кога и ние декларативно се изјаснивме дека самоуправувањето, социјалистичко итн. го отфрламе, ние сеуште, денеска, овој закон ни служи како една појдовна основа. Како што мојот почитуван колега Томе Стојановски рече, ако ова претставува навистина еден системски закон, такво нешто да му додаваме со овој закон за измена и дополнување, крпеници, мислам дека воопшто не држи.

На пр. во членот 24 од овој закон се вели "Собранијата на ОПЗ", ние таков термин веќе не употребуваме. Понатаму, во членовите од 43 до 45 "остварување", "самоуправување, раководење и контрола на општественото претпријатие" и ред други работи. Мислам дека ние, уште една крпеница на овој закон, сега да додадеме каде што законски не одговара на член, ние што го носиме законот со јавното претпријатие основано од Република Македонија раководи директор кого го именува и разрешува Владата на Република Македонија, односно како што стои во член 24-в, а ваму, во член 24-а дека нешто такво треба тоа да го направи Собранието во овој случај. Ингеренциите на Владата се мешаат со ингеренциите на ова Собрание. Ако така сакавме, да речеме, со препад да

донесеме еден закон, во тој случај сме сосема на погрешна линија, само да ги задоволиме желбите на Владата или раководната структура на Република Македонија.

Што се однесува до другите моменти што укажуваат дека овој Закон ако се донесе како закон за јавни претпријатија од системски карактер, треба да се има две или три фази па тогаш целиот закон да се измени, комотно да се согледаат сите настанати состојби во осовременувањето, односно Република Македонија која стана самостојна и независна држава и другите правци во нашиот развој во однос на оваа сфера на раководењето со претпријатијата.

Ние, во оваа сала, за овие 10 дена кога рековме дека ќе го донесеме овој закон по итна постапка на 4.0 3., помина денот така ништо не направивме. Во петокот исто така. Вчера дури нешто1 малку така потемелно почнавме да се занимаваме со законите за енергетика, а денеска, дури на четвртиот ден и со Законот за претпријатијата. Реков дека запоставуваме и некои други елементи! што сакаат да учествуваат во донесувањето на овој закон за претпријатијата. Тоа се бројните писма доставени тука на масите. Било во Сојузот на синдикатите, било во струковите синдикати каде што воопшто не се согласуваат со еден ваков начин на донесуваше ниту на Законот за енергетиката, а посебно на Законот за претпријатијата.

Понатаму, ние ги занемаруваме и искажувањата на опозицијата. Како да некому му станало важно за овие два закони по било која цена, па и како крпеници да бидат на овие постојни закони, само да се донесат. Ништо друго. Ја занемаруваме и ЗПК која што сепак, нејзините ставови и мислења треба да се почитуваат по однос на донесување на законските прописи. Претседателот на Комисијата за стопанство, како матична комисија на овој закон за претпријатија, јасно стави до знаење дека овој Закон не може да се

донесе така брзо деклариран или предложен од страна на Република Македонија.

Кога ќе ги согледаме сите овие елементи ќе можеме да дојдеме еден заклучок дека навистина донесување на еден ваков закон, на две три, воопшто не доаѓа предвид. Не поради тоа што опозицијата сака да не се донесат, туку поради сите овие елементи што ги наведов, а и другите елементи што поедини дискутанти во овој случај ги кажаа.

Според тоа, сум на мислење дека донесувањето на овој закон треба да оди во редовна постапка, во две или три фази и тоа со донесување на нов закон, а не закон кој ќе носи крпеници, и утре, после неколку месеци или на некоја друга гарнитура кога ќе дојде на власт не и се бендисува, пак да донесуваат и они нови крпеници.

Според тоа, мислам дека пратениците треба сериозно да пристапат кон донесување односно гласањето за овој закон.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, Ќе се обидам сосема на кратко да го кажам моето мислење за потребата од донесување на овој закон.

Овој закон, во основа, уредува две работи. Треба да се расправа во оваа фаза за донесување на законот, кога е во фаза на Предлог за донесуваше, за тие две работи.

Прво, овој закон уредува дека државата добива поголеми ингеренции во однос на управувањето со јавните претпријатија. Тоа е едниот принцип во тие неколку членови.

Вториот е дека ингеренциите од Собранието се префрлаат во Владата, во рамки на поголеми ингеренции на државата. За тоа ние треба да дискутираме, дали сме за тоа да има поголеми ингеренции врз јавните претпријатија државата и дали тие ингеренции треба да ги има Собранието или треба да ги има Владата. Во оваа фаза треба да се изјасниме за тоа.

Понатаму ќе видиме, веројатно по Предлогот на законот и по амандманите ќе можеме да се изјасниме подецидно, меѓутоа зошто сакам денеска да зборувам по овие два принципи, во овој момент?

Го напуштивме системот во кој сопственоста беше општествена или сме во фаза на напуштање со сеуште постоење на таква сопственост во некои делови. И тоа имаме, веројатно општ консензус и во општеството, а особено во партиите кои се застапени во овој Парламент. Јас не видов партија која во својата програма нема зацртано дека општествената сопственост треба да с<з трансформира во два вида на сопственост: приватна и јавна. Под јавна сопственост подразбираме сопственост што се наоѓа кај јавните претпријатија, што ги има основано државен орган, без разлика дали е тоа Собрание, Влада или друг државен орган.

Јавната сопственост, значи, е многу поблиска како категорија до државната сопственост отколку до општествената сопственост. Ако е така, тогаш и управувањето со јавни претпријатија треба да биде во надлежност на државата за тоа што таа е претставник на јавниот интерес во нашиот општествено- политички систем. Токму затоа мислам дека од таа позиција за ингеренциите, во услови на напуштање на општествената сопственост кон јавна сопственост во овие претпријатија која е блиска или идентична до државната треба и ингеренциите на државата да се зголемат во управувањето со таквата сопственост која е иманентна за јавните претпријатија, во овој закон се однесува за сите јавни претпријатија. Токму затоа мислам дека овој принцип треба да биде појдовен. Дека ингеренциите на државата треба таму да бидат поголеми за да се напушти општествената сопственост по суштина која владее таму.

Врз основа на тоа произлегува и управувањето. Овде се кажа, јас незнам точно со кој член од Уставот, таму се кажа дека управувањето се врши врз основа на капиталот и трудот. Мислам дека сосема не случајно донесовме устав во кој пишува дека се управува врз основа на сопственоста на капиталот, како прва категорија и трудот како втора. Токму од тука произлегува и како ќе се управува со јавните претпријатија, врз основа на капиталот, сопственоста која како јавна е државна сопственост и за тоа ќе си има мнозинство во управувањето од страна на државата и трудот, тоа е она што е во Законот предложено, помал дел на партиципација на вработените во јавните претпријатија. Мислам дека е 7:4, тоа е еден однос кој укажува на уставната одредба дека со јавните претпријатија управуваат сопствениците на капиталот со 7, значи државата, и трудот, односно работниците вработени во јавното претпријатие со 4. Ако беше поинаку ние ќе го имавме Уставот од 1974 година каде што вели со резултатите на трудот итн., управува самиот труд работниците. Значи, суштината за напуштањето е тука, управување врз основа на капиталот.

Претседателот на ЗПК кажа дека сопственоста е основ за управување. Јас ќе го прочитам постојниот закон за претпријатија член 196-6 "ОПЗ учествува во управување со јавно претпријатие сразмерно на вложен капитал". Став 3 "Капиталот од став 2, значи вложениот капитал, се смета како државна сопственост", со оглед дека во јавните претпријатија тоа е во најголем дел исклучиво државна сопственост и управувањето се врши од страна на државата. Инсинуациите по основ на законот не можам да ги прифатам затоа што тој закон е валиден закон, согласно со уставниот закон на Република Македонија во Република Македонија. Така што во кои услови е донесен тоа е една постапка за иднина, со тоа се сложувам,

мeѓутоа да се негира тој закон во овој момент, затоа што не е донесен од ова Собрание, а е донесен во согласност со Република Македонија, преку нејзини претставници и согласно Уставниот закон на ова Собрание,го презема, тоа не треба и по таа логика и пратениците на ова Собрание се избрани како граѓани на бивша СФРЈ и на Република Македонија во една федерална единица на СФРЈ, тогашна, па тоа не значи дека немаат легитимитет сега да обавуваат функција на пратеници во една суверена и независна држава.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Зошто? затоа мислам дека треба да се зголемат ингеренциите на државата и затоа треба да се поддржи законот во оваа насока за зголемување на ингеренциите на државата во јавните претпријатија. Зошто мислам дека треба ингеренциите да се префрлуваат од страна на државата, во рамки на државата од Собранието смепа извршната власт.

Прво, ние треба да се договориме, ние сме законодавна власт. Имаше порано принцип на единство на власта. Па, имаше Извршен совет на Собранието, кој извршуваше она што Собранието итн., немаше поделба тројна на власта, меѓутоа, во поделбата на власта на законодавна и извршна треба јасно да разграничиме. Ако ова Собрание донесува закони за основање и тн. тоа е законодавна власт меѓутоа извршувањето на тие закони е извршна власт. Ние сега не можеме да бараме собранието донело одлука за основање на едно претпријатие , Собранието ќе управува. По таа логика Собранието го донело законот, Собранието нека го извршува законот, нема потреба од Влада да го извршува законот, да управува по законот. Нека суди Собранието , како што вчера имаше обид да се суди да се врши цензури на драмски претстави. Да се претвориме и во суд. Значи, ние мораме да ги поделиме ингеренциите. Ако ние сме законодавна власт, ние ќе ги уредиме односите во Собранието, а органот кој управува извршната власт нека управува и нека ги извршува тие работи. Во таа насока треба да се запрашаме дали управувањето со јавните претпријатија е надлежност на законодавната или на извршната власт. Јас сум убеден дека управувањето со јавните претпријатија и по нашите уставни решенија и по сета логика која владее, не само во РМ, туку и во светот спаѓа во

надлежност на извршната власт. Според тоа, следи една линија дека треба да се поместува влијанието на државата врз јавните претпријатија , особено врз управувањето со јавните претпријатија од законодавната спрема извршната власт. Токму затоа мислам дека не се оправдани барањата и ингеренциите кои ги има државата врз основна на јавна односно државна сопственост се задржуваат во рамките во Собранието затоа што ние ќе се загушиме со таква работа едноставно во иднина. Ете тука јас ја влечам одлуката зошто овој закон треба да се донесе и зошто треба да се има поголеми ингеренции од страна на државата и зошто во рамки на тие ингеренции треба да се изместува тежиштето спрема Владата. Мислам дека тука е многу битно уште едно становиште, кое во овој закон се загатнува, јас се согласувам дека не се надминува, ниту се разрешува целосно, меѓутоа се загатнува и подобро е сега да го загатнеме, па подоцна и конечно да го завршиме, отколку воопшто да не го загатнеме. Имено, оваа општествена сопственост, која во овој момент таму како јавна сопственост се толкува како државна, дефакто, не се остварува како државна сопственост. Дефакто, затоа што управувањето го нема државата, а го има некое мнозинство од страна на јавните претпријатија.

Врз основа на тоа произлегува дека во јавните претпријатија сеуште се самоуправува. Јас тука гледам и многу амандмани поднесени на овој закон каде што вели, ќе има 4 од страна на Собранието и од страна на Владата а ќе има 7 од страна на јавното претпријатие. Тогаш ние не го напуштаме принципот на самоуправување. Ако имаат мнозинство вработените во јавните претпријатија кои се државна сопственост и кои произлегуваат од член 196-6 и ако тие управуваат, тогаш со нив самоуправуваат со таа држава односно во тој момент се префрла во колективна сопственост. Токму затоа, мислам дека во еден дел од нашиот

стопански систем односно во јавните претпријатија овој закон загатнува две многу битни прашања.

Прво, општествената сопственост дефинитивно ја претвара во државна сопственост со која ќе се управува како јавни претпријатија.

Второ, го напушта принципот на самоуправувањето на тие претпријатија по пат на мнозинство на вработените во сопствените органи на управување. Значи, напуштањето на општествената сопственост и напуштањето на самоуправувањето во овие јавни претпријатија е токму потребата од донесувањето на овој закон да се зголемат ингеренциите, за да не се самоуправува, да се поместат спрема Владата за да не се дозволи ние да бидеме и извршна власт и да се уништи системот на самоуправување за кој ние тука имавме барем целосна согласност во овој момент, очигледно дека има ингеренции , има интенции кај дел од пратениците и дел од пратеничките групи по пат на поднесување на амандмани да се зачува принципот на самоуправување.

Инаку, јас сосема на крајот ќе ми дозволите да коментирам неколку работи кои мислам дека заслужуваат да бидат коментирани. Прво, кои се доставуваат до Собранието ги сметам за манипулација доколку се употребуваат од страна на говорницата како аргумент како ова Собрание треба да работи. Тогаш ние ќе се претвориме во делегатско Собрание, не во Собрание претставнички дом на оваа држава. И ако толку се битни писмата, тогаш извинете, ама СДС може да направи 10 писма и веднаш да се добијат, како што некои други праќаат писма, па врз основа на тоа да се дискутира. Така, тие писма ги сметам за манипулација, не кога се доставуваат овде, туку кога се употребуваат како аргумент како треба да одлучува Собранието. Во тој момент се претвораат за манипулација. Тоа е една работа.

Второ, извештајот на ЗПК е навистина спорен од причина што се кажа и овде, тоа е донесено со 5:4, што значи дека имало исто толку аргументи колку што има за донесување на законот, само за 1 помалку, за недонесување исто толку аргументи и за донесување на законот а гласањето очигледно било по принцип- опозиција. А прашање на опозицијата е да се замисли зошто во ЗПК партијата која се декларира дека е опозиција има мнозинство и држи позиција. Тоа ние брзо веројатно ќе го надминуваме. Меѓутоа, тој извештај е многу спорен, затоа што по него не се одело по логика на правна логика, туку се одело по логика на опозиција и позиција. Тоа доминира и од оние кои дискутираат на самата говорница по тој извештај и затоа сметам дека е многу спорен извештајот. Практично се доведуваме во позиција врз основа на сето ова што во првиот дел го говорев се има логика на дејствување на опозицијата ексанте против без гледаше дали е тоа нешто е согласно со нивните програмски определби. Напуштање на самоуправување на општествена сопственост итн. се ваши програмски определби. Вие ги штитите само затоа што се опозиција.

Претседателот на ЗПК како претседател на ЗПК употребува поими системски закони и јас колку што знам не сум правник, меѓутоа во нашиот Устав не постои поим системски закони. Што е тоа системски закон? Тоа е повторно рецидив. Тоа си е закон, секој закон си е закон. Што уредува тој закон, тоа е друго, меѓутоа не можеме во правна смисла, ниту во уставна смисла да третираме некој закон за системски закон.

На крај кога некој повикуваше на соработка помеѓу Владата комисиите, позицијата и опозицијата, нека се размисли зошто ги напушта седниците цело време. Дали тоа не е начин на опструкција и начин на несоработка.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За реплика се јави господинот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако не ми исполнува ќе се вратам меѓутоа, употреби термин претседателот на ЗПК системски закон дека тоа е рецидив на нешто, ако не го кажал господинот Поповски ќе се вратам. Дека употребив термин системски закон, да, што сфаќам под него треба да ме праша господинот Поповски дали терминот нешто значи. Ако со еден закон се уредува целосно една материја, дали ќе му е името систем или ќе биде закон за уредување на таа материја, не менува ништо. Смислата на употребата на зборот систем јас така го употребив, Меѓутоа, мене што повеќе ме заболе овде да се јавам, говори господинот Поповски за некој си состав на одлука во Комисијата 5:4, давајќи огромно значење . Додека, господа пратеници, сме согласни да одлучуваме по системот на мнозинство со надгласување ќе ја јадеме и таа чорба. Господинот Поповски нека смисли, нека каже, нека одговори како може некој закон да помине овдека кога го изгласува една страна, а другата не го гласа. Дали треба да се почитува тој закон. Да, ќесе почитува. Ние не учествуваме во негово донесување во спроведувањето нема да кажеме дека тој закон тој го донесе тој и тој. Го донел Парламентот на Македонија. Како и под кои опстојателства нека говори историјата. А ако има господинот Поповски намера да менува систем на работа, да прети дека ќе земе опозицијата да ги менува работните тела со членови господине Поповски, ако ви е тоа за цел , јас би му препорачал на опозициониот блок ние сите што сме во тие комисии да истапиме од комисиите, па вие работете. Да видиме дали вие ќе имате демократија или ќе имате насилие. А начинот на кој ние ви се спротивставуваме како помала група, ако бевме поголема опозицијата, немавте "Вие да нетерате да излегуваме, вие ќе излегувавте. Сега ние сме помалку, ви правиме место

сами да господарите. Само една работа, сфатете го ова, ви благодариме што носите такви закони, еден ден , вие не можете да бидете вечни, ако не ние , ќе дојдат наши исто така истомисленици тие закони вие што ги носите ќе ги спроведуваат против вас. Вашите директори ќе бидат истерани од тие закони не нашите.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мене ми е многу драго што слушнавме дека во оние тела кои се формирани по пратенички или одборнички принцип, доколку мнозинската партија или мнозинството ги преземе сите тела тоа е насилие па јас ќе потсетам дека тоа е насилие прво во Градското собрание каде што во 36 мнозинство од вкупно 70 се презема се. Тоа беше насилие, нели? И да не набројувам уште три четири општински собранија каде што врз основа на мало мнозинство се преземаат сите ингеренции што значи дека е насилие. Тоа мене ме радува. А тоа дека вие сакате да напуштите, тоа го покажувате, не треба ние да ви кажеме, вие си напуштате самите.

Уште нешто само да кажам, ако ние досега одевме по принцип дека по законите нема да се надгласуваме, прво, ќе ја уништевме демократијата, а второ ако одевме по принцип дека законите нема да се надгласуваме со таква опозиција јас не верувам дека ќе донесевме еден закон до сега.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Тоа е ваше право дали е спомнато името или не, но тоа на мене се однесува, не на вас. Да чуе господинот Поповски да направи разлика што значи учество во работно тело, а што значи позиција Учество во тие собранија каде се, ако таму има од неговата партија тие учествуваат во работата на Собранието според доаѓање воопшто. Ако дојдат сакаат да не

работи Собранието, сметајќи дека на тој начин ќе ја преземат власта. А овде кога им треба ние викаме дека се работи за некоја опструкција. Опозицијата, господине Поповски никогаш не може да направи опструкција. Опозицијата по природа на н ештата е опструкција на позицијата. И тука нема што да се убедуваме повеќе. Тоа е чисто јасно, а овдека се работи за собраниски работни тела, а не за состав на коалиции. Собранието има свои тела,, а вие ако сакате да ги направите и телата ваши а не собраниски, тогаш е насилие.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Добро, тоа е прашање на Собранието.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Наместо да се занимаваме со филозофија, јас ќе кажам конкретно што е насилие и што е опструкција. Насилие е кога претседавачот на седницата не ви дава збор, а вие си земате сами, тоа едновремено е и опструкција.

**АБДУРАХМАН ХАЛИТИ:**

Почитувани пратеници, сакам да ве потсетам дека на дневен ред и законот, и тоа законот за дополнување на Законот за претпријатијата. Ако сметате дека има потреба од дискусија за составот на работните тела лесно можете да го направите со соодветен предлог за таа работа и за тоа ќе дискутираме. Мислам дека денеска тука се спориме, односно не се спориме околу две прашања.

Прво, чувме и од претставници на Владата во работните тела на Собранието дека Владата е свесна и убедена дека треба да се донесе нов закон за претпријатијата и следствено на тоа и нов закон за јавните служби, јавните претпријатија, јавните установи, како ќе ги нарече, така ќе ги нарече. И тука нема спор. И Владата, опозицијата и позицијата сакаат нов

пропис за претпријатијата и нов пропис за јавните служби. Владата вели дека тој закон и покрај тоа што е при крај со изработката негова не може навреме да стигне да влезе во процедура во Собранието и како премостување на една ситуација дадена сака со дополнување на постојниот закон за претпријатијата, да постигне нешто. Тука чувме и се убедивме, ми се чини, дека сопственоста и трудот се основ за управување и одлучување во претпријатијата. И тоа не е спорно. Сопственикот на капиталот одлучува во претпријатието , а тоа го рекоа и едните и другите. Државата, разликите се кој во името на државата, дали Владата, извршната власт или Собранието. Мислам дека денес таа работа не можеме да ја расчистиме колку и да сакаме. Затоа , затоа имам според мое убедување еден многу рационален предлог да јте да се договориме законот да оди во две 1 фази. Денеска да го усвоиме предлогот за донесување на законот за дополнување на законот за претпријатијата и меѓувреме меѓу себе да се убедиме кој ги врши државните ингеренции, ингеренциите на ! државата во јавните претпријатија во име на државата. Дали тоа ќе биде Владата, дали тоа ќе биде Парламентот или пак ќе измислиме нешто трето за тоа може да се говори. Дали можеме оваа дискусија да ја привршиме на овој начин со тоа што ќе земеме сите како пратеници и како поединци и како гурпи да ги погледнеме уште еднаш постојните законски решенија, да ја погледнеме практиката околу нас и во светот каква е, затоа што ние не сме, и да се убедиме за какво решение ќе се залагаме.. Знам дека некој ќе ми рече дека сум компромисер, меѓутоа, еве ќе признаам дека со цел да ја скратиме работата дај да се договориме со оваа солуција сега што ја предложив.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Со овој закон сметам дека правниот систем не се на- доградува, на против и така конфузниот и хаотичен системот се прави уште похаотичен и конфузен, а одредбите во предлогот на законот што е во постапка за оваа седница, се во колизија со постоечките и важечки одредби од законот за претпријатија. Јас само ќе наведам само неколку од нив и сметам дека можеби, иако ќе гласам против текстот на законот, можеби е прифатлив и предлогот на претходниот пратеник токму заради тоа да не се донесе закон кој ќе создаде поголема конфузија во стопанскиот систем. Изгледа и оној кој што го застапувал предлогот на текстот на законот не ги дочитал сите одредби на пречистениот текст на законот за претпријатија со сите овие измени и дополнувања. Јас ќе спомнам само неколку. Во овој предлог за дополнување на законот за претпријатија членот 24-б од законот за претпријатија останува, повторно е на сила. А тоа гласи: "Одредбите од овој закон за претпријатијата во општествена сопственост претпријатијата за мешовита, односно приватна сопственост, соодветно се применуваат и на јавните претпријатија. Се воведува некое парцијално, паушално решение за начинот на управувањето со јавните претпријатија основани од Републиката, меѓутоа, конфузен станува текстот и со овие дополнувања. Затоа, сметам дека треба нов текст на закон кој ќе биде усогласен со постојниот Устав во кој што за една сосема јасно изградена концепција, ке се устрои системот на стопанисувањето на стопанските субјекти во стопанскиот систем. Еве уште една одредба во која што постојните одредби доаѓаат во коалиција. Член 196-б општествено политичката заедница учествува во управувањето во јавните претпријатија сразмерно на вложениот капитал и овој пат тоа се смета за државна сопственост".

**ТОДОР ПЕТРОВ**:(Продолжение)

Општествено- политички заедници не постојат по новиот Устав, меѓутоа и условно да ги земеме општините и Републиката, кој ќе ја утврди и како ќе ја формулира постапката Владата за да го дефинира карактерот на сопственоста, за да врз основа на тој дефиниран сега државен капитал го изведе правото на државата да учествува во управувањето со претпријатијата од јавниот сектор. Затоа сметам дека сосема паушално се и оваа одредба 24-б, што сега се предлага па и сите оние амандмани во кои едноставно се пазариме сега колку ќе имало од државата, колку ќе имало од вработените во претпријатијата. Тоа се само две одредби и уште членот 196 за кој што се предлага одредбите од законите со кои се уредени прашањата за начинот и постапката за избори и именување на органите на управување и на работоводниот орган на претпријатијата од посебен општествен интерес основани од Републиката престануваат да важат со влегувањето во сила на овој закон". Не постои уставна категорија "посебен општествен интерес" тоа е едно, а друго дали оваа формулација на одредбата значи дека Владата сега треба сама треба да толкува допрва кои се се тие закони чии што одредби нема да се применуваат заради токму одредбата од овој член 196-з. Тоа треба да се наведе конкретно, тоа во Парламентот треба да биде правило. Одредбите од тој закон, тој службен весник, гласило итн. не се применуваат. Вака ова е паушална оценка за мене изречена, од одредбите од законите и сега нека секој сам си толкува во правниот систем, секој правен субјект кој закони ќе ги подведе под режимот на оваа одредба од член 196-з. Јас лично ќе гласам против овој предлог на закон, а треба да ни биде сепак јасно, да им биде јасно и на господата од коалицијата"дека и со гласовите на оние пратеници од опозицијата кои се против, а останаа можеше да се донесе и претходниот

закон. Затоа што господа коалиција немате кворум да ги донесете законите што се на дневен ред. Тоа не е слабост на опозицијата, тоа е слабост на оној кој се смета дека е позиција. Меѓутоа, овие укажувања ги дадов за да Владата можеби и повторно ги прочешла одредбите од постоечките закони, од Законот за претпријатијата за да во втората фаза како што кажа пратеникот Абдурахман Алити да бидат предмет на расправа во Парламентот затоа што очигледно дека сепак со мнозинството независно како е напишано и на кој начин тие закони ќе бидат донесени, а како ќе се одразат во практиката тоа допрва ќе се види.

Со овие измени кои што сега се предлагаат во материјалните одредби во Законот за претпријатија ќе треба да се изврши повторна промена на статутите и можеби пререгистрација на правните субјекти во јавниот сектор, тоа е еден трошок плус тоа со законот за општествениот капитал или за трансформација на општествената сопственост кој допрва треба да го добиеме со одредбите кои предвидуваат ревизија на досега извршената трансформација во АД на постоечките правни субјекти ќе биде потребно можеби и дополнително односно повторно да се изврши пререгистрација. Нам повеќе и пред се од се друго потребен ни е еден целосен закон за претпријатија и можеби затоа обврската е поголема на Владата за еден таков целосен заокружен законски концепт да го предложи во собраниска процедура.

За мене уште е потрагично што сите овие проблеми произлегуваа и произлегуваат и ќе произлегуваат допрва токму заради тоа што можеби згрешивме во дефинирањето на општествениот капитал и затоа според мене е овој присутен хаос и невиден грабеж во стопанството. Ние начелно сите политички субјекти и партии во Парламентот и вон парламентот во Републиката сме за некоја пазарна економија, меѓутоа секој сам си ја сфати

изгледа таа пазарна економија на свој начин, па затоа нуди разни системи градејќи системи без некоја заокружена концепција па и научно фундираме.

Јас ќе наметнам една дилема која можеби би била актуелна во овој процес на расправа за дефинирањето на сопственичкото право и на правото на управуваше па и со овие јавни претпријатија, а тоа е дека и со Законот за работничкото самоуправување кој се донесе во 1950 година не се промени карактерот на сопственичките односи на средствата за производство, средствата за производство само се дадени на управување на работните колективи и најголема заблуда е што ние до вчера градевме една државна,партиска, било каква филозофија и идеологија против групно сопственишство за да од денес како можеби недефинирана категорија секој стана сопственик на тоа средство за производство кај што се нашол. Затоа државата предавајќи ги во правото на управување со средствата за производство не го промени карактерот за сопственоста затоа и го задржа во овој период од 50 години и правото да воведува вонредни мерки а Собранијата да воведуваат принудна управа и привремени мерки за заштита на првата на работниците и на општествената сопственост имавме и правобранител на самоуправувањето. Сега сите тие функции ги нема и институти заради што настана еден по мое мислење, еден ваков правен хаос во стопанството и во општествените дејности, плус што со Законот за работните односи и за претпријатија се дадоа огромни надлежности и на директорите плус бирократизацијата на државните синдикати со што работниците се оставија апсолутно незаштитени.

Затоа сметам дека можеби и новиот текст на Законот за претпријатијата кој за општествениот капитал дека по реално да го,дефинира

или редефинира општествениот капитал затоа што тој како категорија се

воведе пред десетина години, пред тоа се беше општествена сопственост, немавме општествен капитал за да може да го извлечеме и карактерот на сопственичките односи на средствата за производство и за да може да го регулираме начинот на управувањето со стопанските субјекти. Додека тоа не го регулираме на таков начин сметам дека се ќе биде присутен процесот на овој општ грабеж.

Затоа сметам дека иако ќе гласам против независно дали ќе дојдат пратеници од коалицијата за да се направи мнозинство и дали и тие што ќе останат можеби од опозицијата ќе го направат кворумот за да се донесе гласовите од претходниот закон сами по себе покажуваат дали ќе беше или немаше да биде донесен, сепак сметам дека Владата треба да поразмисли со повторно прегледување на одредбите да го врати во втора фаза овој закон а да не се донесе на оваа седница бидејќи вака формулиран и дефиниран односно дефинирани одредбите ќе создадат уште поголема конфузија кај стопанските субјекти.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас собрав снага за да се јавам за збор по оваа тема исклучиво затоа што бев индиректно на некој начин замешан во дискусиите овде како член на ЗПК кои во претходната постапка во работните тела за предлог за донесување на законот за дополнуваше на Законот за претпријатија учествувавме во расправата и исклучиво од причината што извештајот што е доставен од ЗПК евидентно од него може да се види дека расправата по Законот е прекината со тоа што ЗПК гласајќи на начинот како што беше овде кажано донесувајќи одлука со 5:4 прекина со работата уште во врска со начелната расправа на Законот додека не се впушти во поединечна расправа затоа што таквиот исход од гласањето на ЗПК доведе до тоа ЗПК да прекине со работа, понатамошната работа стана беспредметна.

Оттаму може и да се заклучи дека и напливот што е поднесен од амандмани и расправата што има ваков тон по овој предлог на закон следи на тоа дека до крај евидентно работните тела на Собранието по Предлогот на овој закон не си ја обавија работата онака како што треба деловнички и да го ослободат на некој начин овој Парламент на заедничката седница што е овде, да не расправа комисиски, како што се води овде расправа, туку да расправа целисходно на начин деловнички како што е предвидено да се расправа за расправата.

Но имајќи во вид^дека треба да донесеме одлуки во овој Парламент во кој што конечно се носат и човек треба да дигне рака или да не дигне по одреден предлог на решенија што претседателството ќе ги утврдува во текот на расправата нужно е да се кажат неколку работи.

Прво, мора да се каже дека овие предлог закони и овој и претходниот расправата која беше евидентна и веројатно и понатаму ќе се одвива се одвива во една атмосфера на политичка расправа по таа материја вклучувајќи расправа по некои штрајкови што се случуваат, вклучувајќи расправа притоа кој ја има власта во одредени сегменти вклучувајќи расправа што се се случува на македонскиот простор од овде, сегменти и притоа произлегуваат на виделина неколку работи кои се по мене клучни и кои мислам дека треба да се кажат.

Првата работа е тоа ние сакале да признаеме или не, во моментот да бидеме свесни или не за тоа во овој момент дека од секој оној што застанува зад оваа говорница може да се идентификуваат одредени залагања на претставниците овде на граѓаните на Република Македонија за тоа како го сваќа устројството и понатамошниот живот во Републиката што ја викаме Република Македонија, држава. И веднаш може да се налутат некои дисонантни тонови за разлика од политички програми, декларативни

залагања што од одредени дискутанти беа лоцирани во оваа ситуација, а тоа е: ние сите декларативно и програмски и поединечно како пратеници се залагавме дека ќе правиме правна држава, дека ќе правиме држава со пазарно стопанство, со целосни слободи и права на граѓаните и други позитивни програмски определувања и декларативни залагања што на некој начин со тешка мака но сепак ги вградиме во нормативниот дел на Уставот на Република Македонија.

Е, сега, кога треба практично да почне да се реализираат некои работи во практиката ние даваме страшни, најразлични отпори. За ваквата теза може да се извлече заклучок ако се направи само погрешна анализа што се во овој Парламент се случува во однос на носењето на некои законски проекти, почнувајќи од Законот за приватизација почнувајќи од системските закони, почнувајќи од прекинати седници овој Парламент што ги има безброј, почнувајќи и евидентирајќи разни опструкции и опструкциони залагања што се прават со тоа да на крајот стигнеме до една последица која би била многу трагична за граѓаните на Република Македонија и за нас како пратеници дека ние забораваме во овој Парламент пред се а веројатно и другите структури дека со изградбата на внатрешниот костур на Република Македонија како држава дека не сме ни почнале и дека ваквата дијагноза веќе ја почнуваат на големо да ни ја пишуваат на рецепти и странските фактори кои секојдневно се присутни во нашата Република и кој следејќи ги севкупните процеси кои што се случуваат во Република Македонија веќе на евидентен гласен начин кажуваат дека Република Македонија споредбено со другите држави од Источна Европа било тоа кои настануваат сега или заокружуваат своја државност, нова, или го трансформираат својот политички и економски систем стои негде на рамништето на тоа дека и фалат многу државни институции и дека надлежните субјекти политички во Републикава

вклучувајќи и Парламентот на Република Македонија далеку е од тоа дека може да се разбуди од сонот дека нешто и се случува во Републикава и дека дефинитивно може Република Македонија да биде само сон како држава. Мислам дека таквото случување може да биде најопасно за кое треба повеќе политичките субјекти било тоа Парламентот или надвор од Парламентот никој нема утре да биде ослободен од одговорноста за една таква историска шанса да се заокружи, а се тргнувајќи од сопственото политичко слепило да не знае да се дефинираат вистинските клучни потреби на Републиката како држава во прав момент.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**:(продолжение)

Јас мислам дека ако продолжиме на ваков начин, барем за кратко време , не за подолго, за четири- пет месеци, а кога викам на ваков начин мислам пред се на работата на Парламентот дефинитивно ќе ја изгубиме шансата да разговараме за можноста на овој Парламент да го изгради костурот на Република Македонија, внатрешно, на државата, и дека се ова што ни се случува и што евентуално ќе ни се случува во иднина ќе биде само еден сон, ако може понатаму да се сонува. Јас ова чувство сакам во оваа прилика да го кажам затоа што ова се повторува по незнам кој можен пат во овој Парламент и се заземаат такви позиции да обично граѓаните во Демир Хисар велат дека од шумата не ги гледаат дрвата што постојат во горета.

(овде дрва не се гледаат, овде се зборува за закон).

Да јас зборувам за овој закон како што зборуваше и господинот Тодор Петров овде, за измена на Законот за претпријатијата, зборуваше и за општествените претпријатија и за ерозијата на општествениот капитал, па јас не реагирав воопшто додека зборуваше ти, дваесет минути и како што знаеш да зборуваш по пола саат. Јас ова чисто го кажувам од совеста да си ја олеснам зад оваа говорница да го кажам, да се чуе и да се евидентира. Верувам дека тешко може да допре до некои чисти или нечисти уши, но нека биде кажано и нека остане како такво, па можеби во совеста кај некои ќе остане и како елемент за размислување.

Оттаму, и оваа расправа што се отвори по овој Предлог на закон за претпријатијата и предлозите што се дадени овде и позади оваа говорница, а и од амандманскиот пристап што е даден во врска со усвојувањето на овој закон, јас принципиелно прифаќам дека нужно е комисиската расправа

да продолжи понатаму во овој Парламент, да не правиме насилија на носење на овој закон, но за разлика од мислењето на некои пратеници овде што кажаа мислам дека доволно е да се има предвид членот 3 од Предлогот на законот за дополнување на Законот за претпријатија, каде што мислам дека ваков текст не смее да остане во никој случај. Тоа беше оневозможено и на мене како пратеник и на другите да го искажеме позади говорницата на комисиската расправа и оттаму произлегува сега работата да ја префрлиме во овој Парламент.

Мислам дека другите аргументи што се изнесувани во врска со овој Предлог на закон не држат, дека се од политичка природа и , да не речам, од политиканска природа затоа што евидентно е , а и Никола Поповски јасно ги лоцира областите и сегментите на кој начин овој закон ги дефинира состојбите. Тоа е врската со уставните одредби дека основата за овој закон ја има во Уставот каде што основа за управување со државниот имот ја имаат државните органи во Република  Македонија, со оглед дека се работи за јавна , државна сопственост и дека другиот принцип на управување на трудот исто така е запазен во овие одредби. Ништо друго од силните искажани и еуфорични искажувања овде и закачувања во врска со овој закон не држат. Тоа е евидентно и со еден поглед може да се утврди. Но, јас и како член на ЗПК би кажал неколку работи во врска со работата на ЗПК.

ЗПК , ако некој евидентно ја следи работата преку извештаите во последно време, а тоа е најчесто после формирањето на оваа Влада со оглед на познатите состојби дека еве веќе пети или шести месец ЗПК работи без три свои клучни членови и тешко обезбедува кворум и заземајќи своја позиција од позиционите пратеници во ЗПК претовараат од нејзе веќе едно фолклорно тело кое со се занимава внатре, а кое не се занимава со

стручна работа на начин на кој треба да му доликува на едно работно тело. Тоа може да биде евидентно на секоја седница на ЗПК. Кој не верува во ваквиот мој став нека повели на седница на ЗПК па ќе види на кој начин работи ЗПК во последно време. На некој начин кажано мојот впечаток е дека сублимирано тоа веќе личи на еден бал на вампири внатре , кој далеку од деловничката работа на начин на кој е утврдена работата на ЗПК....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам на темата се држите.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам г-дине претседателе дека на темата разговарам. Тоа ќе го поткрепам и со неколку конкретни аргументи и случувања што се случуваат вон деловничкиот и законскиот утврден ред по кој треба да работи ЗПК.

Прво и основно е дека двајца членови од ЗПК, кои не се разрешени

(реагирање на пратениците)

... тоа е на дневен ред затоа што овде цело време се манипулира со ставот дека тоа е став на ЗПК. Јас сакам да кажам на кој начин е дојдено до тој став затоа што имаше несогласување г-дине Драги Гроздановски, од пет сме на четири, тебе ти е добро познато, а ако не си спремен да ги чуеш овие работи, а јас знам дека си спремен да ги чуеш, тогаш мислам дека тоа е твој проблем, а не е мој проблем.

Првата работа е тоа што двајца членови од ЗПК воопшто не се канат на седница во последно време. Дури еден член г-динот Туше Гошев, кој во меѓувреме е избран за министер, а не е разрешен од член на ЗПК на начин, на кој на пример работеше и г-динот Горѓи Наумов во Комисијата за уставни прашања, цела година откако стана министер во Владата и често со неговото определување на гласови во Комисијата за уставни прашања ние усвојувавме амандмани и паѓаа амандмани и никој не го постави прашањето дека тој е избран за министер и истовремено не може да биде член на Комисијата за уставни прашања, туку до крај, до моментот додека ова Собрание не го разреши на легитимен начин тој си ја вршеше функцијата член на Комисијата за уставни прашања. Додека овде на начин на кој г-динот Туше Гошев беше избран за министер од ова Собрание, е на дневен ред на 56-тата седница и сеуште не е разрешен, на пример на последната седница му беше јавно поставено прашањето од г-динот претседател на Комисијата "што бараш ти во оваа Комисија и му бараше полномошно. Туше Гошев е тука па нека каже дали е поканувал воопшто на ЗПК....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е ова сега истражна судница.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам претседателе Вие треба да бидете заинтересирани како Ви работат работните тела на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, ама тоа треба да го ставиме на дневен ред и тоа е на 56-тата седница на Собранието.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

И исто така и поканувањето на секретарот на Владата, кој е член на ЗПК и кој до овој момент не е разрешен, не се поканува на ЗПК за притоа да се создаде кворум кој ќе му одговара на претседателот на ЗПК на начин на кој тој ќе сака да манипулира со Комисијата.

Вториот случај е тоа дека господинот претседател закажува седница уредно деловнички, со телеграма и кога ние членовите доаѓаме не доаѓа претседателот на седница на Комисија. Цел ден го нема, а при тоа известува дека е зафатен и не доаѓа. Јас • доаѓам од Демир Хисар тука и ние се собираме, чекаме 2 саат итн.,. и затоа оваа седница која е по итна постапка свикана трае толку долго.

(реагирање на пратениците).

Јас го образложувам г-дине претседателе начинот на опструкција кој беше предмет на расправа овде кога вие имавме пауза и кога седницата ја водеше г-динот Џеладин Мурати. Со оглед дека е пуштена таква расправа овде да се води, јас Ве молам треба до крај некои работи да се расчистат. Ако не, јас се согласувам ако треба да се молчи за некои работи и некои невистини кажани од оваа говорница да останат така во јавноста, да ги прекратиме и да останат.

Тоа се очигледни манипулации и таквите манипулации после кажани, ако некои не се согласува со таков начин на работа на Комисијата како работно тело и ја напушти седницата на Комисијата, на начин како што јас направив да претседателот го прикаже тоа во средствата за јавно информирање, го коментира дека е тоа опозиција на опозицијата итн. А, притоа самиот да каже дека два дена расправаме по овие два закона и тоа

7 членови на ЗПК, предлог на закони кои имаа само два члена со по една реченица за кои е расправано два дена. Притоа , не се расправани амандманите. Јас ова пак го оставам на размислување на Вас да се види на кој начин се прави таа опструкција и се пренесува во Собранието овде, а за последиците заорував претходно што можат да настанат и што мислам дека неминовно ќе настанат и ќе доаѓаат на оваа седница. Оттаму мислам дека е неможно да се води нормална расправа на начин на кој бараат деловничките одредби по овој закон затоа што претходно е направена успешна опструкција во работата на работните тела и во работата на ова Собрание и за тоа пред се треба претседателството да го има предвид и да ги следи тие моменти. Јас мислам дека ги следи , но кои се причините за тоа да не се реагира на адекватен начин на кој треба да се реагира, мене не ми е познато. Оттаму мислам дека предлагачот треба да ја прифати сугестијата на начин на кој што беше изразено овде од повеќе пратеници и од позиционите да овој закон биде донесен во две фази исклучиво заради тоа што не е обезбедена до крај деловничка расправа по комисиите на начин кој го дефинира ова Собрание. Дали тоа во оваа ситуација ни прилега или не ни прилега , кои се последиците, тоа е друго прашање, но фактичката состојба е таква.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господа, му благодарам на г-динот Наќе Стојановски што навистина загатна една тема да се каже што значи опструкција и кој ја чини таа опструкција. Јас не сакам да говорам дали сум способен или не. Тоа нека го каже друг. Меѓутоа, најтешкото е кога некој мисли дека е способен а тоа не го гледа дека не е.

Господинот Наќе Стојановски затоа што на мене се обрати како претседател на ЗПК говореше за непознавање на прописите за лошо работење и немање на кворум. Ќе ги замолам пратениците да ме сослушаат во еден мах.

Во ЗПК немаме кворум поради отсуство на господинот Наќе Стојановски. Тој човек има снага да каже дека некој му прави опструкција, па, тој не е присутен физички како може да му се прави опструкција. Ќе ги земеме извештаите таму , или ќе дојде да бара да се потпише откако се завршила седницата, па луѓето од стручната служба да не му направат непријатност ќе му дозволат да се потпише или ќе го вратат. Тоа е едниот момент. Што е вистина? Спомна некој си бал на вампири. Господа јас се согласувам со тоа. Во таа ЗПК постои само еден вампир. Тој е што бега и игра....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам само малку мерка во изразите. На реплика имате право, меѓутоа, и малку мерка да имаме.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не сакам да говорам повеќе, јас можам да кажам едно.

Тој човек што не доаѓа на седници , а наоѓа мана во преданието, во духот на човекот се створил дека вампирот е невиден. И сигурно тој што не се видел може да прави и такви сеанси.

Понатаму, да кажеме за последната седница што е предмет. Дами и господа, јас како што рече некој пред мене беше ова кажано. Добив телеграма како и секој друг, не сакам да ја понижам службата ми се јавија вечерта по телефон претседателе утре ќе треба да имаме седница на Комисијата да ги викаме дали за 9 или 10 часот. Реков викајте ги телеграмски, нека биде во 9, за да би можеле да обезбедиме кворум и во 10 да почнеме. Тие закони , јас дојдов во 9 часот, бев во канцеларија, на мене

во 9,30 ми се донесоа од Службата двата проекта што треба да ги разгледува оваа Комисија. Повеќето од присутните членови не знаеја што е содржината на тие закони. Како е така беше. Ние во 10.30 часот започнавме. Обезбедивме кворум. Што стана? Додека се раправаше за законот за енергетика ние бевме осум. Осмиот член беше господинот Наќе Стојановски. Во меѓувреме едниот член побара од здравствени причини, дозволете да си оди. Се извини. Кворумот остана со Наќе Стојановски. Наќе Стојановски откако виде дека кворумот ќе пропадне, да дојде да говори за некаква си опструкција овде, тој го повикувам да каже пред другите пратеници зошто побегна. Да дојде овде од оваа говорница да кажува дека ЗПК прави опструкција , да мора да закаже и наредниот ден да расправа за Законот за претпријатие што е сега на дневен ред. Отидоа по него новинари, и имаше, го викаа да дојде, да се врати да направи кворум. На новинарите беше одговор "јас во таа Комисија не одам", што му беше правило од порано."Јас во таа комисија не одам, таа Комисија е на опозиција, таа Комисија е опструкција". Ако беше тој секогаш, ние имавме 6 члена секогаш доволно за расправање, седмиот член господинот Наќе го немаше.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Тоа е опструкцијата. Доаѓаме сега за законот што дојде да се говори, овој што е предмет на расправа сега. Почнавме со кворум од седум претставници од Владата кои беа присутни. Требаше да се повтори истиот настан што беше и на четврти. Јас да, не го порекнувам, во среде збор побара збор министерот Туше Гошев да каже нешто и јас му дозволив. Одеднаш кога сега расправавме за законот за енергетика дојде дури тогаш по расправање да видиме што законот содржи, што не содржи, кои се |условите, што треба да биде, се поставува прашање што ќе правиме сега, ваков закон ни треба, или не ни треба, треба да се донесе, или не треба да се донесе, е во склад со Уставот, или не е во склад со Уставот? Стана господинот Наќе Стојановски, да господине претседателе ние за овој закон дискутиравме и за него за овие две основни потреби ние донесовме прекутна одлука дека треба да одат. Му дозволив затоа што бев демократ, реков, нека оди така. Наредниот ден да не биде пак истиот проблем го зедовме Деловникот на Законодавно- правната комисија и на работните тела, Владата си определи претставник кој ќе го застапува проектот пред Комисијата. Се јавија повеќе од Владата. Јас ги прашав какво им е својството, немаме такво својство. Навистина господа оној што е овластен ќе треба и да се јави од проста причина ако меѓувремено Владата нема овластен застапник, па тој презел некои обврски, Владата го смени мислењето ќе каже, да, таквото мислење не е наше, имате од него овластуваше, еве го законот кој бил претставник, зошто вие сте работеле со него го прашав господинот министер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега веќе излегуваме од репликата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, сето ова било предмет на расправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, но не може да се опише реплика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе јас ги ускратив правата на учество без полномошно, или без именувања. Тоа е работата по Деловникот. И последното што може би ќе се чуе, може ќе се види, може не, меѓутоа господинот Наќе Стојановски наоѓајќи недостатоци во работата на Законодавно- правната комисија тој изјави од оваа говорница, тука се и стенографските белешки, дека кога било решавано за Законот за енергетика не биле решени и амандманите. Господа, извештај од 4 март 1993 година. Еве ги амандманите по кои биле тие решавани. Секој пратеник од вас ги има пред вас овие амандмани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една напомена. Комисиите и нивната работа се дел од работата на Собранието, но нивната смисла е да се олесни работата на заседанијата на седниците на Собранието, а вие обратно ни ги пренесувате вашите проблеми од Комисијата овде и со тоа не оптоварувате.

Има реплика господинот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Прво, добро е што господинот претседател на Законодавно- правната комисија собра храброст да стане и овде да каже некои работи, но заборави да ги каже оние клучните работи. По принципот на демократичност јас како член на Законодавно- правната комисија имам право да ја критикувам

работата на мојот претседател на работно тело. Со начин и аргументиран на начин на кој искажав овде и на кој вие можевте да одговорите, но за жал не одговоривте. Тоа е прашањето дека јас се побунив како ваш член на Законодавно- правната комисија на начин на кој вие ја водите Комисијата. Изнесов неколку клучни аргументи, а тоа е дека ме каните на седници уредно, ги каните членовите, а вие не доаѓате да ја водите седницата. Тоа не го кажавте, но имавте прилика тоа да го кажете. Понатаму, да ми импутирате овде во одбраната дека сум рекол за Законот за енергетика дека не се расправани амандманите, јас тоа не можам да го речам, затоа што видно е, прво не е морално да кажам лага, а второ видно е од извештајот дека е расправано, туку јас зборував за Законот,за измена на јавните претпријатија што е евидентно и од расправата и од извештајот. Да импутирате факти дека јас не сум учествувал во работата на Законодавно-правната комисија и дека сум барал само да се потпишам видно е од записниците на Законодавно правната комисија кои досега ги има 80 до 85 каде што моето учество во работата е евидентирано на начин на кој е евидентирано со конструктивно и творечко учество во расправата на Комисијата. Впрочем, да ве потсетам господине претседателе, сепак изгледа во прашање се годините кај Вас. Јас и во расправата на Законот за претпријатија, впрочем од сите можни амандмани Законодавно правната комисија и предлагачот го усвои само мојот амандман. Тоа Вие како претседател можете овде да го кажете веќе кога зборувате за клучните моменти од работата на Законодавно правната комисија. Начинот на кој Вие го браните дигнитетот на Комисијата и членовите на Комисијата и својот дигнитет мислам дека одудара од едни нормални рамки. Јас лично ништо не кажав за Вашата личност, ниту некогаш ќе кажам за Вашата личност мои мислења што ги имам вакви, или онакви. Јас зборував само за

работата на претседателот на Законодавно правната комисија во контекстот на деловничките одредби и законските одредби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза до 15,00 часот.

(По паузата продолжи во 15,45 часот).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да продолжиме со работа.

Господинот Томислав Стојановски ја продолжува репликата

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами и господо, бев прозиван на сенилност и сакам да направам разлика меѓу заборав и достоинство. Сметајќи дека министерот Туп^е Гошев, кој беше член на Законодавно- правната комисија, поседува правни квалификации и една претпоставка дека судијата или министерот ги знае законите, не сакав да говорам да му докажувам дека не1 е во право. Меѓутоа, штом станав прозиван, јас ќе се повикам само на една одредба од Уставот на Република Македонија, каде во став 5 јасно стои: "функцијата претседател на Владата и министер е неспојлива со вршење на други јавни функции или професии". Членување во Законодавно- правна комисија или друго тело на ова Собрание е јавна функција. Оваа одредница на министерот му била позната и сметав дека нема потреба овде да ја елаборирам.

Понатаму, имаме уште член 63 став 5, каде се вели: "со законот се утврдува неспојливост и неизмирливост на функцијата во Собранието со вршење на други јавни функции и професии".

Користејќи ги овие две одредби, пратеничката група на СДСМ поднесе предлог до ова Собрание и бара да се донесе одлука за разрешување односно престанување на функцијата во Законодавно-правната комисија на пратеникот Туше Гошев и да се замени со Флоре Масалковски. (Реакција на неколку пратеници од место).

Ова е одговор на прашањето дека. не сум заборавил, зошто не биле викани. Ќе го потсетам уште господинот Наќе Стојановски дека

претседателот на Владата Бранко Црвенковски беше претседател на Комисијата за надворешни работи. Претседателот не ја свика оваа комисија ниту учествува во работата на таа Комисија. Зошто? Свесен дека ова од моментот кога му престанала функцијата пратеник ги изгубил сите својства да може по било кој основ да биде член и да учествува во работата на овие собраниски тела, што значи дека не е точно тврдењето дека ние не сме ги повикувале членовите на Комисијата.

Понатаму, беше прашање дека не сум кажал колку пати јас и зошто сум отсуствувал....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, не може ли тие работи да ги оставиме на друго место?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Претседателе, јас не знам, се согласувам со тоа, ако не беше допуштено ова да се изнесе јас нема да го изнесувам, меѓутоа само за ваше сознание господинот Наќе Стојановски евидентно во работата на Законодавно- правната комисија која одржала 73 седници досега отсуствувал 21 пат. Од тоа во последните три месеци не е присутен седум пати, а се одржани и толку седници. Јас незнам дали ќе треба некој некого да тужи или ќе треба на некого да му застане тага на срце па да мисли што говори.

Јас сакам една работа крајно да речам, дали ќе имаше потреба ако господинот Наќе Стојановски, сметајќи на наставката презиме Стојановски треба да биде претседател на оваа комисија ќе говореше вака од оваа говорница или не. Сметајќи дека треба да го земе ова место, јас ќе му го отстапам, меѓутоа, ако најде во себе сили да може да ја врши функцијата, а која не може да ја врши поради својата неуредност. (Реакција на повеќе

пратеници од место).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ова веќе минува во лична пресметка. За реплика се јави господинот Наќе Стојановски.

За процедурално прашање се јави госпоѓата Марковска, но репликите се во тек. Молам ова да биде последен круг на реплики.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас можам во свое име да се обврзам дека јас повеќе нема да реагирам на било што е во врска со оваа тема, затоа што ќе стане беспредметно. Само јас ќе повторам уште еднаш, мое демократско право е како член да ја критикувам работата на претседателот на Комисијата каде што сум јас член во тоа тело. На ниеден друг претседател, вклучувајќи претседател на работни тела од опозицијата, на кои не сум член затоа што не ме тангира таа работа и немам одговорност за таа работа, но во секој случај во секој момент јас сум должен да реагирам на претседателот на работното тело каде што сум член јас и ако сметам дека претседателот кој ја води Комисијата каде сум јас член не ја води согласно деловничките одредби и тоа го злоупотребува правото како претседател, должен сум да реагирам во било која прилика во јавноста, дури и преку Парламентот на ваков начин каков што го правам. На ниеден член од Законодавно-правната комисија, останатите 11 што се, не сум кажал за нивната работа, зашто тоа си е нивно право на кој начин тие се изјаснуваат и дискутираат и ниту некогаш ќе кажам за нив затоа што го немам тоа право. Но за претседателот го имам правото. Обратно на тоа, претседателот го нема тоа право да зборува за мојата работа во Законодавно- правната комисија затоа што јас таму деловнички работам и ако не работам деловнички на

самата седница е должен да ме опомене. Тоа е првата работа.

Втората работа е: претседателот сепак се обиде овде, но не одговори на три суштински прашања што јас од почеток ги поставувам. Тоа е прашањето зошто господинот Туше Гошев и господинот Јосиф Талевски не се канат на седница од страна на претседателот додека ова Собрание донесе одлука за нивно разрешување, тие се членови на Комисијата, додека ова Собрание донесе одлука и претседателот е должен да ги кани нив |на работното тело. Не може тој да има дискреционо право надвор од нормите, додека се тие членови кој да одлучува кого ќе кани и кого нема да кани на седница. Тоа е едното прашање.

Второто прашање е зошто претседателот на 1 февруари о.г. ја повика Законодавно- правната комисија во цел состав да работи, а тој не дојде на седницата и затоа седницата немаше кворум, па се распушти седницата, кога чекаа 30 луѓе, вклучувајќи членови на Комисијата и претставници на органите на управата. Јас лоцирам на 1 февруари о.г. кога Комисијата не одржа седница.

Третото прашање е што јас досега не го коментирав, но за жал сега ќе морам да го прокоментирам, зошто претседателот на Законодавно-правната комисија кога оди да ги брани законите пред Уставниот суд во име на Собранието на Република Македонија застапува свои лични ставови, всушност застапува ставови од страна на предлагачот за оценка на уставност на законите и другите акти што ги донесува ова Собрание спротивно на Деловникот и одредбите, а да не зборуваме на моралот. Тие се клучни прашања, господине претседателе што вие мора да одговорите било сега или во друга прилика и кои ви остануваат и понатаму. за размислување,

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали може во друга прилика? (Томислав Стојановски вели не може и се упатува кон говорницата). Ве молам, нека биде завршно ова.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа, Уставот има суспензивно дејство, штом тој ќе стапи во сила, по него се постапува. Некој ќе смени функција, функцијата му престанува во тој момент. Нема неотповикливост. Како ќе можевме ние да го викаме господинот Туше Гошев да биде член на Законодавно- правната комисија, кога решаваме по негови предлози на закони, тој е претставник на Влада? Има ли некој разум тоа да го прими и да го направи. Тоа е логиката на вистината.

Понатаму, дали ќе може секретар на Влада кој седи во Влада и министер кој седи во Влада, тоа е предлог на Владата, дали тие ќе можат да имаат поинаков став или ќе го застапуваат ставот на Владата. Тоа е основно, тие немаат својство, неспојливо е нивното својство. Не ги викаме од оправдана причина, а другото, господинот Наќе Стојановски ми постави прашање за мое присуство пред Уставниот суд. Господа, Уставниот суд има Деловник за работа. Во него учествуваат претставници и граѓани, сите имаат еднакви својства. Претставникот може во секое време да има и својство на граѓанин. Како претставник на Собранието јас Законот го бранев, меѓутоа, кој бил таму, имаше од господинот Петров, еве го, жив е и здрав, донесе, што: извештај на Законодавно- правната комисија каде ставот на Томислав Стојановски и на д-р Симеон Гелески се разликуваат од Комисијата. Прашање беше што е со овие два става, застапуваш Собрание, а во Комисијата имаш друго. Одговорив тогаш, на тој доказ, дека јас сум граѓанин и имам право на свое мислење. Тоа е.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа се работи кои сигурно на друго место и друг пат треба да се расправат.

Госпоѓа Марковска бараше збор.

(Гулистана Марковска се откажа од дискусија).

За збор се јави господин Никола Крстески.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ:**

Ќе се произнесам директно во однос на текстот на законот. Прво, сметам дека овој текст на овој Предлог на закон не треба да се донесе не дека нема потреба, туку овој текст не треба да се прифати и да се донесе. Меѓутоа, во тој правец имам само еден глас.

Прво, член 5 од Уставот каде стои: "Се преземаат сојузните закони", тоа треба да се толкува дека тие се применуваат ако не се во противвредност, а директно ние да менуваме на Сојузното собрание сметам дека е нелогично и неодговорно од наша страна. Тоа е од чисто правно техничка природа можам да речам. Имаме кажано во рок од година дена да се усогласат, потоа имаме друг рок во рок од шест месеци задолжително кои системски закони треба да се донесат. Сметам дека ваков закон не треба да се донесе пред да се донесе законот за трансформација на општествената сопственост.

Друго, сметам дека во Законот за претпријатија вакви интервенции не може да се вршат. Ова се само кадровски одредби, а исто така и самиот наслов не е доволно јасен. Пишува да се дополни, дополнување на Закон за претпријатијата, а во последниот член 3 стои дека престануваат одредени одредби да важат со влегувањето во сила на овој закон. Овој закон ќе направи такво структурно нарушување со тоа што внесува нови одредби во изборот на индивидуални работоводни органи, не остава рок на

судбината на постојните раководни кадри, не дава рокови за формирање на новите управни одбори, со тоа што покрај другото и сопственоста не е јасна. Сметаме дека и претходниот систем вакви решенија нудеше, меѓутоа со цел да и даде повеќе на стопанската дејност, на јавните претпријатија го условуваше само изборот на директорот со согласност од постојните општествено- политички организации.

Друга забуна, не ја регулира материјата за јавните претпријатија со седиште во локалните единици. Тука имаме еден пратеник, тој не го сфатил ни самиот закон, дава одредба да не се применува вели во локалната управа. А предметот на регулирање на законот е јавни претпријатија основани од Републиката, непотребно дава дури и некои амандмани. Сметам дека ќе направи тотална забуна во правната надградба, со тоа што сметам да се донесе посебен закон или оваа материја да се уреди со новиот закон за претпријатија на Македонија. Евентуално интервенција може да се дозволи во смисла да се интервенира оние претпријатија, јавни претпријатија каде основач е Републиката, доколку работат негативно, да може во тој момент и општествената заедница односно Собранието да го смени директорот и со тоа да се расчисти праксата во момент на штрајк, не се знае кој кого може да смени, дали штрајкувачкиот одбор, дали вработените и Владата само ги блокира тие тековни сметки да не може новиот директор да ја врши функцијата и се создава безвластие. Сметам дека евентуално може да има одредба да се интервенира во смисла она претпријатие каде основач е Републиката, на крајот ако има негативни резултати, да може да постави в.д. директор до избор во постојната постапка за избор на директор.

**НИКОЛА КРСТЕСКИ**: (Продолжение)

Сметам дека не треба да се донесе овој закон и не треба да брзаме, ќе направиме поголем хаос, доколку претходниот закон беше интервентен закон за одредени појави во нашето стопанисување, сметам дека овој закон може да си оди во редовна процедура, под нов наслов и нов текст и да го регулира целокупното работење што поништува а што важи, како и во кој рок треба да се примени и на кого се однесува.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани пратеници, неколку општи напомени би сакал да кажам и нешто помалку конкретно во врска со предложениот закон кој што е важен и за кој што има, се разбира, мотиви и практични и прагматични, Владата што го предлага во овој момент. Но, по мое мислење сепак треба со поголема претпазливост да се предлагаат закони кога се предлагаат вакви закони што регулираат вакви чувствителни прашања.

Што е она што во начело мислам треба да се согласиме. Прво дека ингеренциите на државата во управувањето со државниот капитал, не може никој да ги спори и тие прашања мора да ги регулираме, според логиката на државниот капитал. Затоа што не може капиталот да биде државен а присвојувањето и управувањето да биде приватно сопственичко или групно сопственичко, како што ние сега особено го имаме со квази самоуправната општествена сопственост итн. И тоа во принцип треба да го расчистиме.

Второ, врз основа на карактерот на сопственоста, приватна или државна, односно јавна, кој прави дистинкција, може да прави и во врска со тоа, се развиваат две сфери на законодавство. Тоа е познат и да не навлегувам во материјата што е специјалност на други, но општо е познато дека се развива законодавство од приватната. сфера што ги регулира

односите во приватната сфера и законодавство од јавно- правен карактер. Наместо тоа ние имавме како што е познато така наречено самоуправно законодавство кое што врз основа на квази сопственоста како што беше ги помеша јавната и приватната сфера и направи хаос во уредувањето на тие односи. Така ја збрка приватната и јавната сфера од која што денеска имаме сериозни последици во врска со тоа. Таа збрка постои и денеска. Евидентно е дека бавно ја оствaруваме, а може да се каже дека ја зацементиравме, ја конзервиравме во нашиве две последни години откако добивме шанса како Собрание да го менуваме општествениот систем во кој што живееме.

Повторното разграничување на јавната и приватната сфера, нивното уредување врз основа на овие два вида, да речам условно законодавство јавно правно и приватно- прaвната сфера, започнаа со измените на Уставот што ова Собрание го замени со новиот односно со измените на претходниот што го напуштивме и со започнувањето на новиот устав што го усвои ова Собрание. Меѓутоа, менувањето почна и конкретно разграничување повторно на таа сфера на уредувањето на односите од јавно правен карактер и приватен со Законот за претпријатијата од господинот Марковиќ. Меѓутоа, токму заради нерасчистените сопственички односи останаа многу поимови помешани и тие се евидентни и во овој закон за претпријатијата што постои и сакаме нешто во врска со тоа да прецизираме.

За да продолжеше тој 6д логично и организирано и овде беа спомнувани такви дискусии, требаше да ги дефинираме сферите на државата односно во сферата на сопственоста, јавната сопственост државната и приватната сопственост. Тоа сеуште не е направено и се уште немаме закон што треба да дојде на дневен ред, но и тој закон што ќе дојде

во врска со трансформацијата, исто така не ја дефинира државната и јавната сопственост, бидејќи ги остава за некој друг закон тие прашања. Ние не ја одредивме државната сопственост, односно државниот капитал што е основа за директно учество на државата во управувањето и присвојувањето по основ на сопственост во претпријатието. Тие претпријатија се јавни врз основа на така наречената општествена сопственост и оттука сега произлегуваат многу дискусии неконсеквентни во врска со тоа врз логиката на живиот труд како управувач и присвојувач на капиталот.

Во она време кога се донесуваше Законот за претпријатијата уште важеше логиката, а тоа е тој закон што ние сакаме да го менуваме, тој е донесен врз логиката кога егзистираа трите вида, односно кога се мислеше дека рамноправно треба да егзистираат трите вида на сопственост приватната, државната и општествената сопственост. Затоа овде во овој закон имаме општествена сопственост, има приватна има задружна, а ние општествената сопственост со нашиот устав едноставно ја избришавме и не постои. Сега менуваме закон во кој што постојат уредени односи врз основа на општествената сопственост. Сега збрката со управувањето, се разбира, ќе продолжи ако извршиме парцијални измени на тој закон. Ќе продолжи, а ќе продолжи за што јас ќе кажам неколку примера подоцна. Прво тоа прашање не го регулиравме. Зошто не го регулиравме знаеме. Имаше една влада, долго работење, не усвоивме закон за претпријатија, продолжи кратко време е оваа втора влада и уште не можеме да дојдеме да расправаме за тие прашања итн.

Второ, требаше да имаме нов закон за претпријатијата врз логичното продолжување на работите врз основа на законот за трансформација во кој јавните претпријатија ќе бидат посебно разработени не само како се бира и кој го именува директорот на јавното претпријатие. Многу важно е тоа. Тој

што го има капиталот се разбира, најмногу ќе одлучува за тоа кој ќе биде директор. Тука нема спорно. Прашање како се бира Управниот одбор од кои луѓе. За тоа треба појасни одредби. Како се дефинира јавното претпријатие, прецизно, како профитно претпријатие. Ако е профитно претпријатие се разбира, треба да биде има ли државата улога, во неговото работење врз основа на интервенциите што ги прави на пример во областа на ограничувањето на цените на тие претпријатија. Затоа што на пример Владата донесува одлуки за замрзнување на цената на електричната енергија. Донесува одлука за замрзнување на цената на ПТТ сообраќајот, или на железницата. Во тој случај му ја ограничува неговата профитна функција,што произлегува од неговата пазарна и друга улога што ја има. Па треба ли во тоа претпријатие ако државата му ја ограничува профитната функција, да каже од каде таа држава ќе му надомести за тоа што му го ограничува во дадениот момент, едноставно не може да се ограничува произволно развојниот раст на тие претпријатија итн.

Од друга страна, ние го напуштаме самоуправувањето комплетно, во таков тип на претпријатија па и во приватните претпријатија можеме ли да не помислуваме, да речеме за партиципативната демократија, можеме ли да помислиме дека во Управниот одбор на пример во такви претпријатија има и други, треба да има претставник и Синдикатот. Тој не може да одлучува, не може да има одлучувачко влијание, туку како учесник кој што ќе ги пренесува ставовите на работниците заради амортизација на социјалните тензии. Тоа се сериозни прашања што треба да бидат разработени кога се третира прашањето на управувањето во такви претпријатија па дури и во претпријатија од приватната сфера.

Требаше да имаме и закон за установите, но сепак го немаме. Сето тоа го немаме, а имаме денеска еве, еден интервентен закон кој не го определува јавниот правниот карактер на претпријатието, прецизно со целината на односите, туку може да биде некое решение, може да биде некое интервентно решение, ете вака, но може и да ја комплицира ситуацијата што не може да се предвиди заради целата конфузија на односите што постојат меѓу неразграниченоста на сопственостите што постојат. Некои прагматични причини, јас реков на почетокот ја гонат Владата да предложи вакви интервенции во преземениот закон на Бивша Југославија но со тие одредби што ги има, мислам дека нема да се помогне премногу, напротив работите ќе останат и натаму, зошто целината на односите нема да се измени само со можноста да се промени еден човек или двајца Сето тоа не е најзначајно во дадениот момент,а може само да ги распали страстите, а ние гледаме како лесно се распалуваат страсти.

А еве да речеме од каде произлегуваат проблемите во врска со нерасчистениот карактер на сопственоста. Овде беше цитиран членот 24-б,"одредбите на овој закон за претпријатијата во општествена сопственост, претпријатијата во мешовита сопственост, односно приватна сообразно применуваат и на јавните претпријатија". Значи сите одредби за општествените претпријатија, претпријатијата со општествена сопственост се применуваат и врз јавните, мешовитите и другите претпријатија. Сега стои прашањето за улогата на членот 196 одредбите од законите со кои се уредени прашањата за начинот и постапката за изборот и именувањето на органите на управувањето и равотоводниот орган во претпријатието од посебен општествен интерес основани од Републиката, престануваат да важат со влегувањето во сила на овој закон значи за начинот и постапката, тие одредби не важат. Следува сега прашањето веднаш дали одредбите од точка 5 на пример од Законот за претпријатија која е означена со заглавие

"остварување на самоуправувањето", работоводењето и контролата на општественото претпријатие важат или не важат. Според ова како што јас читам, можеби лаички читам, не правнички доволно, изгледа дека важат. Тоа значи дека би важела и точката 1 за одлучувањето на работниците. Тоа значи дека би важел и Работничкиот совет бидејќи овде не ги укинува институтите, туку начинот и постапката на избор. Или пак овде не е прецизно кажано. Треба да биде кажано поинаку. И сега да не редам уште некои примери во врска со тоа затоа што и наредниот член 53 каде што зборува за работоводниот орган, зборува за работничкиот совет на општественото претпријатие итн. сето тоа мене не ми е лично доволно јасно а зборува дека вака на брзина може парцијална измена во еден закон кој што сам по себе не е конзистентен и не е сообразен со Уставот на Република Македонија работите може да се компликуваат. Јас сум еден од тие што размислува дека треба да се размисли уште малку за овој закон, дали на овој начин, или треба да се засукаат ракавите и да добиеме побрзо еден комплетен закон за претпријатијата во кој што ќе се обидеме да се отстранат сите негативности. И тогаш нема да се решат проблеми, се разбира и тогаш ќе има штрајкови, ќе има проблеми со работоводните органи, но може да има помала правна конфузија и државата многу појасно да презема мерки во врска со тоа.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, не би сакал некои работи да ги повторувам, зашто досега за тоа досега доста се зборуваше. Овој пат по повод овој закон чувствувам потреба, пак истото да го кажам што стално овде инсистирам, не само јас туку инсистираат голем дел од пратениците.

Овде Владата во овој Парламент не излезе со една програма со која што ќе понуди излез кризата. Не излезе со едни глобални решенија за излез од таа криза. Ние не можеме со вакви парцијални решенија и со вакви парцијални предлози да бараме излез од оваа криза. Затоа за мене неприфатлив е ваквиот предлог што се нуди овој закон за дополнување на Законот за претпријатијата. Неприфатливи се ваквите решенија едно да се менува а да се молчи за друго. Неприфатливо е овде да се стои во одбрана за структурата на управниот одбор, да се стои за заштита на директорот а да не се зборува за други прашања што не се во согласност и во духот на таквиот став за нивната заштита. Зашто го велам тоа? Зашто ние овде покрај овие измени не го обрнеме вниманието на други членови, на други ставови во овој закон за претпријатијата за кој сите знаеме е закон од Бившата СФРЈ, донесен 1988 година со измени во 1989 и 1990 година. Зашто не го погледнеме членот 185 од овој закон каде стои "директорот, нивниот брачен другар, децата,родителите и родителите на брачните другари не можат да бидат основачи на претпријатија или на фирми за вршење на иста или слична дејност за која по претпријатието во кое работат е запишано во судскиот регистар. Забраната трае за цело време се додека се во работниот однос, и ако работниот однос се продолжува со уште две години." Не се зборува за ова, не се зборува дека претпријатијата мора да бидат заштитени од нелојална конкуренција да бидат заштитени од грабежот. Ние за тие работи не сакаме да зборуваме. Зашто? Затоа што на некој не му оди во интерес, затоа што некој стои зад тие директори и зад таквиот грабеж. Овде сакаме ние и понатаму да му обезбедиме легализирани форми. Немојте овде некои работи да премолчуваме во интерес на други. Тоа навистина е една чиста демагогија. Јас не би го прифатил тоа и не сакам такви работи ние да премолчуваме. Зашто? Затоа

што овде сме сведоци на постоење на паралелна дејност во претпријатијата. Ние овде сме сведоци на легализиран грабеж. Ние овде знаеме дека не се забранува паралелната дејност со што од страна не некој директори се легализира префрлањето на капиталот од државната на приватната фирма, што се води на име на тој директор или на членови на неговото семејство. И ние треба да размислуваме за тоа, да се стави крај на таквите појави и еднаш овде да погледнеме на вистината во очи и пред овој Парламент крајно е време Владата да се појави со она што може да понуди решенија за ваквата состојба во која што се наоѓаме.

Конечно е време од страна на оваа Влада да се понудат тие закони што ги бараме. Да се понуди Закон за претпријатието, Закон за приватизација, Законот за денационализација. Не можеме ние овде да зборуваме за напуштање на некаква општествена сопственост. Врз основа на кој закон ние можеме тоа да го тврдиме дека тоа сме го напуштиле. Дали ние го донесовме Законот за приватизација или Законот за денационализација. Па ваквите тврдење што овде ги чувме од господата на СДС е чиста демагогија. Па зашто овде ние исто така не кажеме во однос на директорите по кои критериуми тие директори се бираат. Во Законот стои и понатаму одредбата што не е далеку од морално политичката подобност.

**ДРАГИ АРСОВ**: (Продолжение)

Стои дека критериум за избор на директор, кој е тој член таму, членот 54 од Законот за претпријатијата, дека директор може да биде избран врз основ ана работно искуство од 1 до 5 години. Тоа е замена за политичко моралната подобност, ништо не е друго. Тоа се тие реалности, тоа се тие факти што ние треба тука да ги решаваме и да ги регулираме врз основ ана закон. Затоа овде за мене се неприфатливи , додека тие системски закони ние не ги донесеме, додека тие клучни прашања ние не ги овде прецизираме и утврдиме, па после да расправаме за другите решенија за кои овде треба да расправаме и кои треба да дадат резултати, резултати кои ќе претставуваат излез од ваквата криза и од ваквиот колапс во кој се наоѓаме. Од тие причини за мене се неприфатливи ваквите измени што се нудат со овој предлог на закон за дополнување на Законот за претпријатијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Душан Николовски бара процедурално прашање.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Мислам дека претседателот на Собранието што ја води седницата треба да го дефинира ова прашање, ако разговараме за институтот директор , каква е функцијата и тогаш да отвориме ваква расправа. Ако не е тоа предмет на расправа тогаш мислам дека е беспредметно да се разговара.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Како што и колегата Николовски кажа ние сме експерти да ги изместиме работите и место она што е на дневен ред да расправаме за

многу по неважни работи.

Предлогот на Владата во кој таа бара по итна постапка да се направат измени во постојниот закон за претпријатијата, веднаш да кажам дека за мене е сосема прифатлив и разбирлив од некои едноставни причини.

Прво мислам дека Владата со овој предлог постапува сосема рационално и прагматично, обидувајќи се со измените во постојниот Закон за претпријатијата да направи нешто што е пропуштено, да се направи во една редовна процедура што беше предвидена во рок од година дена по донесувањето на Уставот на Република Македонија. Имено за овој Предлог на закон ние денес немаше да расправаме доколку групата на закони во која спаѓа и овој закон беа донесени во пред видената регуларна постапка. Доколку тоа беше направено тогаш немаше да има потреба од вакви парцијални измени што во овој случај имаат за цел само да придонесе да се прилагоди управувањето и раководењето во јавните претпријатија. Чија е одговорноста за недонесувањето на овие закони мислам дека на секого му е јасно и незнам колку е упатно сега да се отвора расправа.

Се разбира дека овој предлог на Владата не претставува сеопфатно решение и јас не мислам дека со овие корекции што се содржани во него ќе се пополнат сите празнини во законската регулатива за претпријатијата. Предлогот на Владата треба да го сфатиме во смисла на тоа дека се прават корекции во оние сегменти од функционирањето на јавните претпријатија што во овој момент имаат нај ургентна потреба.

Што всушност се предлага во овој законски акт, иако денес многу сликовито беше кажано и објаснето од господинот Никола Поповски. Тоа

според мене се многу важни корекции во постојниот закон со кој се дефинира односот на државата кон јавните претпријатија, а тој однос во Предлог законот е изразен преку начинот на избор на раководните тимови и управувањето со јавните претпријатија. Мислам дека нема никакви спорни моменти во овие решенија дотолку повеќе што на сите ни е познато дека вакви модели на управуваше со јавните претпријатија од посебен општествен интерес има насекаде во светот.

Во неколку вчерашни и денешни дискусии имаше многу шпекулации околу правата на работниците. Божем тие со овој законски предлог на Владата ќе бидат ускратени и дека работниците во јавните претпријатија ќе бидат доведени во нерамноправна положба во однос на работниците од другите сфери на стопанството. Мислам дека нема потреба од морализирање на оваа тема и дека на ова прашање треба да му се пријде исклучиво од рационален аспект. Целиот корпус на економски и социјални права на работниците и нивните интереси се и ќе бидат целосно почитувани, но во рамките на законската регулатива која ќе биде многу по прецизно дефинирана со донесувањето на новите соодветни закони. Значи мојата заложба е да се пристапи кон битна промена на постојниот закон во врска со јавните претпријатија и да се прифатат предлозите со кои прецизно се дефинира местото и улогата на јавните претпријатија особено на оние што се од стратешко значење за нормално функционирање на стопанството и државата и со кои се уредуваат односите во управувањето и изборот на раководните тимови. Ние како Собрание мора да се определиме или од носталгија за самоуправувањето ќе го вратиме самоуправувањето и хаос во претпријатијата или ќе се воспостави ред и ќе кажеме дека оној кој ја има одговорноста ќе има право и да управува со претпријатието.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, најпрвин да кажам дека за мене причини за донесување на овој закон има. Тие причини многу добро се лоцирани и во самото образложение за донесувањето на овој закон, а тоа се две основни и тоа:

Прво,точно е дека постои во анализирањето на сегашната состојба една неусогласеност во однос на изборот и разрешувањето на органите на управувањето и на работоводните органи кај јавните претпријатија.

Втора причина е причината која е евидентна односно постои неусогласенсот на овој закон за претпријатија како општ закон со материјалните односно посебните закони во однос на тоа како се остварува посебниот општествен интерес во одделни јавни претпријатија

Кога велам дека причини за донесување на законот има, веднаш се надоврзувам на вториот момент, а тоа е основните начела врз кои треба да се заснова законот. Јас се согласувам со делот од образложението кое се однесува на тоа дека основно начело на кое се заснова предлогот на овој закон е добивање на принципот на законитост како и обезбедуваше на влијание на државата во делот на управувањето и раководењето во јавните претпријатија и сето тоа заедно земено е во ред.

Надоврзувајќи се на третиот момент што се однесува на итноста односно видот на постапката која треба да се примени во донесувањето на овој закон, се согласувам со ставот на Комисијата за стопанство односно во прилог на тоа одат и големиот број на амандмани овде поднесени и од подделни пратеници и од по одделни пратенички групи што ја условуваат потребата од донесување на законот во редовна постапка односно во две фази.

Јас тоа ќе го поврзам со законскиот основ за донесување на законот. Тоа е членот 24-а од Законот за претпријатија. Таму начелно стои дека условите под кои јавните претпријатија ги вршат работите и дејностите кои имаат јавен карактер, ќе се регулираат со посебен закон. Со посебен закон исто така ќе бидат регулирани и облиците и содржините под кои државата односно Републиката ќе го остварува посебниот општествен интерес. Таков закон кој ќе ги утврди во моментот кој се тие јавни претпријатија начелно стои во Законот аз претпријатија кој се тие. Понатаму како, од кој орган,|со која надлежност ќе биде остварувањето на посебниот општествен интерес , овде е спомната основната проблематичност на тоа кој ќе го остварува посебниот општествен интерес конкретно во по одделни дејности кои се од јавен карактер: Дали е тоа Парламентот дали е тоа Владата. Мислам дека има специфичности во однос на по одделни јавни претпријатија. Во одредени треба тоа да го прави Владата, а во одредени тоа треба да биде Собранието додека во одредени случаеви како што беше и досега пракса треба да има комбинирани форми и содржини, во одделни случаи одделен дел од остварувањето на посебниот интерес да го прави Владата, а во одреден дел тоа да биде Собранието. Така да во овој предложен закон решение за таа дилема не се дава бидејќи општо се зема и се вели дека во сите случаи тоа го прави извршната власт односно Владата.

Исто така потреба во редовна постапка да се донесе законот е и опфатноста само на органот на управуваше и работоводниот орган додека третиот орган надзорен кој е обавезен орган по законот за претпријатија не го регулира овој закон односно не го регулира односно не лоцира кои се надлежностите за назначување на составот на овој надзорен орган, а и таму во составот имаме претставници како од работниците во односното јавно претпријатие, така и претставници од државата.

Третата работа која ја земам како причина за носење на овој закон во редовна постапка е фактот што во овој закон не се утврдуваат односно не се конкретизираат надлежностите на управниот орган туку само се набележува неговиот состав и се набележуваат органите кои го назначуваат неговиот состав. од овие причини сметам дека делот на образложението кој е за предлог за донесување на законот по скратена постапка каде се вели дека законот не е обемен и сложен и затоа треба да се донесе на иста седница како и предлогот за донесување на закон. Сметам дека тој по содржина не е обемен, но по сложеноста го исполнува условот истиот да се донесе во редовна постапка.

Со донесувањето на овој закон во редовна постапка ќе се добие едно доразработување на јакнење на квалитетот на содржината на овој закон. Во тој правец се залагам на оваа седница да го донесеме предлогот за донесување на закон и да ја задолжиме Владата за една од наредните седници да го донесе Предлогот на закон.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Дами и господа пратеници. Би сакал и јас да го кажам моето мислење за оваа полемика која трае веќе два дена во македонскиот парламент, прво за измените на законот за енергетика и второ за измените на законот за претпријатијата што е сега на дневен ред.

Веднаш како принципиелен став би сакал на самиот почеток да ја изнесам мојата позиција дека кога станува збор за предложените промени на законот, бес сомнение тоа е право на владејачката коалиција и на Владата на Република Македонија, што сигурно се темелат и на сопствените програми, како програма во економијата, меѓутоа се темелат и на искуствата во многу демократски системи кои веќе биле во светот познати.

Факт е дека е право на секоја Влада која победува и која прави коалиција за да владее во одредена држава, во зависност од нивната политичка платформа од нејзините политички погледи односно економски погледи може да оди во поголемо подржавување односно поголемо право на мешање во стопанството на соодветната земја или во поголема либерализација или ослободување на таа контрола на стопанството. Тоа не е пример само за поранешните источноевропски земји туку исто такви примери можеме да најдеме и во западно европските земји . Познати се примерите да речеме на Велика Британија или во Франција каде што зависно од каква Влада ќе доаѓа , дали доаѓа конзервативна Влада или доаѓа социјалистичка Влада, едната прави поголема либерализација во стопанството, другата повторно ги враќа позициите на Владата со управувањето во државниот сектор на уште еден поголем степен. Значи апсолутно можам да кажам дека во тој поглед немам некој принципиелни забелешки на промените што ги предлага Владата во овие два три дена на вонредна седница на македонскиот парламент. Сметам дека е тоа право на Владата, на владејачката коалиција како концепт, дали поголема либерализација или поголемо подржавување на стопанството и поголема контрола на стопанството ќе доведе до поуспешни резултати за излегување од кризата во која се наоѓа македонското стопанство. И нормално, согласно со тоа одговорноста која самата Влада си ја превзема, дали е помалку или повеќе виновна за резултатите кои ќе се појават да речеме после шест месеци една година или две години од мерките што ги предлага во овој момент во македонскиот парламент. Значи до овој момент до кој дискутирам бес сомнение пак ќе речеме тоа е правото на самата Влада за она што го поднесува таа како измена овде во овој парламент е самата одговорна за успесите или слабостите на она што ќе биде понатаму.

меѓутоа, што станува збор за вториот дел, она што сметам дека е непринципиелно во целата работа , а што сметам дека треба да ги дадам моите забелешки е следното:

Прво, ако имам разбирање за своевидното подржавување и поголемиот степен кој сака Владата со овој закон да го има директно во стопанството и директната контрола на македонското стопанство, она со што не можам да се согласам е фактот дека тоа се прави не со систем, не се прави со серија на закони, туку се прави само со одредена промена и тоа на еден единствен закон од серијата на неколку закони, доколку ако се промени на таков концепт треба да се зафатат повеќе системски закони од законите кои треба да се донесат во македонскиот парламент или веќе се донесени во старата држава, меѓутоа се уште се владејачки во македонската држава. Тоа е она што мене ме изненадува, што без никаква посебна најава ниту во предизборната програма на оваа партија , ниту да речеме во досегашните истапувања на истата коалициона Влада која денес владее во Република Македонија. Едноставно немаше никаде најавувања досега дека Владата ќе оди на едно вакво подржавување на стопанството во Република Македонија и на една ваква директна интервенција односно поставување на целото стопанство во Република Македонија под контрола на владејачката коалиција. Значи се работи прво за шокот кој ни е приреден на сите нас, затоа што , навистина, за да се поднесе тоа на вонредна седница и да се бара вонредна седница за едно вакво прашање е изненадувачко за сите нас, затоа што не е закон со кој ќе се отстрануваат или нема да се отстрануваат само некои ситни работи, туку се работи за закон кој има претензии навистина да воспостави една тотална државна контрола над целокупното стопанство во Република Македонија.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ** : (продолжение)

Значи што е она што сметам дека на овој закон му фали. Сметам дека на овој закон му фали систем. Јас во овој момент навистина не можам да сфатам која е целта на една ваква промена од така крупен карактер само во еден од тие закони, а тоа е законот за претпријатијата . Тука се поставуваат огромен број на прашања кои се надоврзуваат, ако се усвои еден ваков закон. Кој се тие прашања? Се поставуваат неколку сигурно крупни прашања. Прво, измената на целокупниот закон за претпријатија. Ако сега ја донесеме промената уште колку време треба да чекаме донесување на еден комплетен закон за претпријатија во РМ со кој ќе се регулираат многу проблеми кои произлегуваат од самата оваа промена. Мене ми е многу жал што со една ваква промена се удира само во едно единствено место. Се удира на местото како да се дојде до директор, како да се постави управен орган, односно човек кој ќе ја извршува волјата на Владата во дадената стопанска организација,односно фирма. Само тој сегмент е зафатен со тој закон. Како да проблемот на разрешувањето на директорот, спасувањето на директорот, или ставањето на свој човек како директор на одредена фирма ќе го реши целиот проблем на организацијата. Апсолутно сметам дека со едно вакво парцијално решавање на тој проблем и со парцијална промена на исиот закон ќе ги доведеме претпријатијата во РМ од јавен интерес како што се назначени таму во уште поголем хаос, во уште поголема недоумица и од една страна до уште поголеми самоволија во истите тие фирми, односно организации на кои треба да се однесува тој закон.

Во таа смисла можам да ви кажам дека без сомнение се поставува прашањето кои се сега претпријатија од јавен интерес во РМ. Дефиниција, кои се тие претпријатија на кои се мисли кога се зборува за овој закон. Повторно една голема празнина, еден голем хаос  во целиот тој економски

систем на РМ. Се поставува прашањето на веќе започнатата трансформација на приватизација на огромен број на стопански организации кои според многу од тие правила, доколку имаме еден цврст закон би требало да бидат претпријатија односно фирми од јавен интерес, а тие веќе се направени веќе во акционерски друштва. Што ќе правиме сега со тие организации или по било која основа се трансформирани, или во некакви мешовити организации, или акционерски друштва. Што е сега со статусот на тие организации. Дали и таму Владата ќа назначува директори, или управни одбори, какви што му се амбициите со овој закон или ќе им дозволат повторно право на работниците и на акционерите да назначуваат сопствени директори. Се поставува прашањето ако веќе идеме на еден чекор на подржавување на овој закон на стопанството во РМ. Се поставува прашањето што ќе биде со профитите на тие организации, пред кого ќе одговараат тие организации, тие управни одбори, тие директори. Значи стотици и стотици прашања, меѓутоа се поставува и обратната одговорност. Ако Македонската Влада ја зема таа привилегија, а назначува директори во фирми, дали со  назначувањето на тие директори македонската Влада ја презема и одговорноста на пропаста на тие фирми утре да ги сноси долговите и загубите кои дотичниот директор може да ја направи во таа Влада. Значи ова се само кратки наметнати прашања без намера да решат некој проблем од целокупниот економски систем со една единствена намера, да ви укажат на парадоксите кои ќе произлезат со една ваква промена од страна на донесувањето на еден ваков закон во македонскиот Парламент. Закон кој е донесен парцијално, закон кој не го следи ниеден друг закон кој треба самиот од себе да произлезе од овој закон во една ситуација кога сеуште немаме закони за претпријатија, кога сеуште немаме закон за приватизација на Република Македонија, што е тоа што ќе се почитува од досегашната приватизација, што е тоа што ќе се поништи

досегашната приватизација статусот на претпријатијата добивките на тие претпријатија, загубите на тие директори што ќе ги постави таа Влада утре во истата таа организација, или профитите на тие организации и се она што се нарекува еден комплексен дел на економскиот систем на РМ. Тоа е тој дел што се однесува на законите и системите. И конечно онаа работа, односно оној дел кој сметам дека исто така не можам да го прифатам. Од принципиелна основа тоа е моментот кој не донесува до фактот да размислуваме зошто еден ваков закон во овој момент не ни е прифатлив и зошто не треба да се донесе во македонскиот Парламент? затоа што сметаме дека оваа измена на законот за претпријатија во РМ има само една единствена цел, а тоа е како владејачката коалиција во РМ после потполната контрола на политичкиот живот во РМ, после целосната контрола на извршната власт на РМ после целосната контрола на органите за внатрешни работи на РМ и се она што се нарекува систем на внатрешни работи, посебно државната безбедност, после потполната контрола на сите средства за јавно информирање во РМ,после потполната контрола на сите елементи на една држава што значи воспоставување репресија внатре во дотичната држава и остана само последниот елемент, потполна контрола на македонското стопанство. Значи целта на овој закон не претставува и не значи ништо друго, никакво средување на економските односи , никаков организирање на економскиот живот во РМ. Има една единствена цел, тоа е моментот на воспоставување на тотална контрола на сите сегменти на живот на една држава. Значи полиција, потполна контрола на извршната власт, потполна контрола на армијата, потполна контрола на средствата за јавно информирање и потполна контрола на целиот стопански живот и на сите стопански субјекти во РМ. Тоа е единствената добивка што ќе можеме да зборуваме после донесувањето на еден ваков закон во Република

Македонија. Владата на Република Македонија ќе добие едно тотално и неограничено право, а може да го менува и да одредува свои луѓе, квалитетни луѓе во целиот стопански живот на РМ. Такви ќе бидат економските резултати на еден ваков закон. Јас ви гарантирам дека економските резултати на еден ваков систем, на едни вакви системски промени нема да бидат никакви. Зошто нема да бидат никакви? Ние знаеме дека 45 години токму оваа владејачка коалиција која денеска владее во РМ, со мали промени имаше исто право да назначува директори во стопанскиот систем какви што сака. Какви се резултатите на таквото назначување? Резултатите се такви какви што сите ние ги гледаме денеска во Македонското стопанство. Што ќе се случи со една ваква промена на Законот за претпријатие во Република Македонија. Пак ќе речам никакви економски промени. Ќе се случи уште поголема катастрофа. Ќе се случи токму тоа не директорите да бидат поставувани спрема нивните менаџерски функции способности, не директорите да бидат назначувани според нивните вистински способности, туку повторно ќе го добиеме она што го имавме пред две години, директорите повторно да ни се назначуваат дали се припадниците на СК односно на СДС, дали се припадници на Реформските сили или во Западна Македонија на ПДП и НДП. Тоа ќе биде резултатот на една ваква промена за претпријатија на Република Македонија. Значи ако некаде во овој момент имаат некои крима директор кој не сака да ги слуша и не сака да ги извршува до крај наредбите на Владата, да се промени тој директор и на негово место да се стави човек кој ќе биде директно послушен на Владата, да се стави човек кој ќе биде директно одговорен пред СДС, пред Реформските сили, пред Социјалистичка партија или пред Партијата ПДП и НДП. Тоа ќе бидат резултатите од овој закон кој веднаш можам да ви кажам дека ќе ги гледаме

неколку месеци после донесувањето од овој закон. Значи се работи само една промена која повторно од директорите ќе се бара да бидат идеолошки исправни, а не економски исправни и способни луѓе. Тоа е целата суштина на овој закон, тоа е целата филозофија на овој закон за зачувување на сите оние привилегии, на сите оние аргументи кои досега знаеме дека македонското стопанство го ставаат во рацете сеуште на луѓето кои не се избираат заради нивните способности, туку се избираат за нивната идеолошка припадност на оваа или на онаа партија во РМ.

Втората работа која ќе се случи со овој закон е да се обезоружуваат сите оние штрајкови на работниците , сите оние промени , можеби некаде од неправилни позиции во поголем број, меѓутоа, без сомнение во поголем број случаи поаѓање од правилни позиции на штрајковите кои се организираат, ќе се добие форма каде што директорите повторно ќе станат неприкосновени и ќе можат да прават со организациите се што сакаат и конечно ќе се добие не напредување на македонското стопанство, туку ќе се добие како директорите и понатаму уште повеќе да се додворуваат до владејачката коалиција во, РМ , а тоа ќе значи уште поголема пропаст на македонското стопанство. И кога зборуваме за овој закон за претпријатија, јас ова не можам да го поврзам со нешто што е сврзано и со Уставот на РМ и со она што значи нормална парламентарна држава во светот, а на што неколку пати инсистираше нашата партија. Ако сакаме да зборуваме за вистинска демократија во РМ и за вистински парламентарен живот во РМ , ние моравме во најкраток рок сите пратеници во Македонскиот Парламент да им кажеме дека нивната задача е професионално да се занимаваат ~со работата во Македонскиот парламент, а не од една страна да бидат директори на фирми, а од друга страна да бидат парламентарци во Македонскиот Парламент.

Зошто го спомнувам токму не донесувањето на овој закон? Го спомнувам затоа што ние во овој момент кога зборуваме за донесувањето на промената на овој закон се судираме со една парадоксална состојба. Ако имаме предвид дека 90% од парламентарците на СДС на Реформските сили и на Социјалистичка Партија се директори на големи фирми во РМ , го поставуваме прашањето на лобито. На лобито кое сметаме дека навистина треба да се замислиме најсериозно во овој момент. Каква е нашата ситуација? Треба да донесеме во овој Македонски Парламент и вие кои сте избрани како луѓе од своите гласачки тела, треба да донесеме закон со кои вие треба да гласате против сопствените интереси. Тоа е една парадоксална состојба која ни се случува во Македонскиот Парламент. Во Америка постои лоби, меѓутоа, тоа лоби не седи внатре во Американскиот Конгрес, туку седи во ходникот па им врши влијание. Она што ни се случува и што ние многу пати досега го зборувавме дека демократијата во РМ и Парламентот во РМ постојано се блокира во Македонија и дека сеуште не можеме да зборуваме за вистински парламентарен состав, еве можеби ова најмногу се гледа на еден закон кој не е од политички интерес туку закон кој е чисто економски интерес, закон во кои доаѓаат конкретните интереси на секој пратеник. Кој е тој конкретен интерес? Дали Владата утре вас ќе ве заштити да останете и понатаму директор и парламентарец или штрајкувачите можат вас да ве срушат во таа фирма? Тоа е нешто што е парадоксално , јас пак ќе ви повторам парадоксално за секој демократски систем. Вие не можете да бидете во Германскиот Парламент и парламентарец и директор на рудник. Не можете да бидете во Италијанскиот Парламент директор на Астиво и не знам на која фирма, и да бидете исто така парламентарец во Италијанскиот парламент. Тоа се две

работи кои се неспоиви. Јас знам дека има многу реакции, посебно од директорскиот блок на Реформските сили и на Социјалистичката партија и на Комунистичката партија, меѓутоа, јас сум свесен за таа реакција господа, затоа што оваа седница и овој Парламент не зборува за некои високи национални интереси. Зборува за лични интереси, кои лични интереси се гледаат во донесувањето на еден ваков закон кој ние треба да го изгласаме во Македонскиот Парламент. Затоа, од тука би сакал како еден заклучок на оваа дискусија да ја замолам македонската Влада, или претседателот на Македонското Собрание, што побрзо да му понуди на Македонскиот Парламент закон со кој ќе ги обврзе сите парламентарци на Македонскиот Парламент да се откажат од својата професионална работа и да станат професионални политичари на Македонскиот Парламент како што се задолжени според Уставот на Република Македонија и според демократскиот морал на секоја демократска држава. Само на тој начин ќе можеме да зборуваме дека ние зборуваме во име на интересите на граѓаните кои не избрале , а не од интересите на фирмите, од интересите на функциите и од интересите чисто на личната амбиција, дали ќе бидам таму или нема да бидам таму, само доследен професионализам до крај може да не ослободи од било какви морални предрасуди кога зборуваме за донесувањето на еден ваков закон. Оттука, на крајот сакам само уште еднаш да повторам она што ни е главната поента на оваа моја дискусија. Со еден ваков закон со кој ќе им дадеме неограничени права на коалицијата на Македонската Влада, тоа се СДС, Реформските сили, СП и ПДП и НДП, нема да добиеме ништо друго во економијата, освен да добиеме утре таму кај што немало директор од овие партии да бидат сменети директорите и тој да се стави , таму каде што имаме промашен директор од овие партии, а работниците не го сакаат, работниците да испаднат фашисти, а добиеме

директори понатаму многу добар комунист, кој ја упропастува фирмата и ќе добиеме уште поголемо барање на послушност и идеолошка припадност кон оваа или кон онаа партија. Тоа ќе бидат резултатите на еден ваков закон, тоа ќе бидат последиците на еден ваков закон, никакво средување на односите во стопанството, уште поголем хаос во стопанството и неограничено право на коалиционата влада на РМ да ги воспостави механизмите на контрола на сите сегменти во македонскиот живот. Веќе ви реков Полицијата, Армијата, Извршната власт, Судството и стопанството. Значи со овој закон воспоставуваше на контролата над сто! панството ќе го добиеме последниот, петтиот елемент, потполна контрола на животот во РМ.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Мислам дека конечно маските паднаа. Тоа е одлична работа. Мене ме загрижува една работа што во ВМРО-ДПМНЕ претседателот на партијата знае помалку од сите пратеници кои дискутираа досега, кои очигледно ги познаваат работите. Сега се виде дека претседателот на партијата знае многу, многу помалку од сите нивни пратеници. И тоа е жално. Со оглед дека овде беше обвинета коалицијата и СДС и пратениците за многу работи, јас ќе кажам само дел од работите.

Прво, очигледно е дека оној што говореше од говорницата не прави , ама буквално никаква разлика меѓу поимите јавно претпријатие и претпријатие во општествена сопственост. И поради непознавање на тие две категории и нивно изедначување се произнесе се што овде се произнесе и длабокото мое уверување е дека таквите луѓе не можат компетентно да разговараат од оваа говорница. Затоа што едноставно не можат да поистоветат седум или четири или пет претпријатија во Републикава со сите директори во Републиката, кои воопшто не се третман

на овој закон. Овој закон ги уредува само односите во јавните претпријатија, кои се три-четири во Република Македонија, чии основач е Република Македонија. Сите други претпријатија се во општествена, јавна или акционерски друштва во кои нема никакви ингеренции. И токму методот на ширење на дезинформации од овде е опасен. Опасен е ако не се знае, и дезинформира, тоа е опасно и за јавноста и за самиот тој, опасно и ако е свесно. Тогаш е уште поопасно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Мислам дека е добар микс на овие две карактеристики: свесно манипулирање и длабоко непознавање. Тоа произлегува со вакви дискусии.

Значи, да резимирам, за првата темелна грешка за која се дискутира овде пола саат, јавните претпријатија кои овде се под третман на овој закон, не се општествените претпријатија. Тоа се само 4 јавни претпријатија или 5 во Република Македонија. Сето друго е дезинформација.

**УФРЛАЊЕ ОД МЕСТО:**

Наброи барем едно.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Второ, нема потреба да се поставува прашањето, со оглед дека секоја дискусија овде десет пати вели се поставува прашањето, нема потреба да се поставува прашањето. Може да се прочита или да се праша, еве сега вака ќе кажеме.

Тие претпријатија,нема потреба никој да се плаши каде го насочуваат профитот, затоа што се јавни претпријатија. А, доколку зборувате, а зборувате и за општествените претпријатија, профитот се знае каде се насочува во општествените претпријатија и во акционерските друштва.

Во јавните претпријатија, целта на формирањето не е создавање на профит. Целта на формирањето, доколку сакаме да прашаме, а очигледно се прашува, се поставува прашање, еве ви, се поставува и одговорот целта на формирањето е задоволување на потребите и создавање на општи услови за стопанисување, снабдување со електрика, комуникации,

железнички превоз итн. Тука не се прашува зошто и каде ќе се користи профитот. Профитот во тие претпријатија се насочува во уште поголемо задоволување на тие потреби.

Меѓутоа, јас се извинувам, длабокото не познаваше повторно го поставува на преден план, ја поставува и манипулацијата која се сака да се изведе од тука и да се имплементира на одредени партии што работат во Парламентот.

Трета работа, со овој закон се подржавува целото стопанство во Република Македонија. Ноторна лага и ноторна дезинформација, затоа што стопанството во Македонија со овој закон не се третира дали се подржавува или не.

Доколку мислевте на јавните претпријатија, господине, тие се државни. Јас сабајле зборував за тоа, вие не бевте тука, еве вам специјално ви повторувам. Тие се по Законот за јавните претпријатија во државна сопственост. Така се третираат. Прочитав врз основа на кој член. Вие, доколку не слушавте ви повторувам сега, бидејќи рековте се поставува прашање, еве, ви се поставува и одговор, нели. Се надевам дека не треба и по трет пат да се повтори, затоа што на умните се кажува еднаш.

Четврта работа, контрола над целото стопанство. Со овој закон се уредува управувањето со јавните претпријатија. Во Македонија јавните претпријатија не учествуваат во обем за да се каже"целото стопанство". Целото стопанство, подразбира непознавање на работата што се јавни претпријатија. Тоа не се претпријатијата во општествена сопственост. Веројатно не мислевте дека и приватните претпријатија се под контрола на овој закон. Тоа само укажува дека вие уште повеќе не ја познавате суштински работата, дебело не ја познавате.

И она за што зборував утринава, сега ќе го повторам. Јас утринава кажав...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, немојте да се обраќате на поединци.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Не. Се плашев, утринава го кажав тоа дека многу од амандманите на опозицијата, пред се на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ по Законот за јавните претпријатија се насочени во насока во функција да се врати самоуправувањето. Скепсата дека со ова државата сака да управува со тие претпријатија само упатува ка тоа дека другата алтернатива е да не управува државата. Државата ќе управува со јавните претпријатија врз основа на сите досегашни закони. Јавните претпријатија, повторувам заради некои во салата, дека не се сите претпријатија од општествена сопственост, тие можат да се избројат, еве вака, на една рака.

Доколку не се познава принципот што претставува пазарна економија, тоа е еден микс на мерки во кој има директна регулатива и либерализација. Надмоќот на една или друга мерка го определува карактерот на стопанството.

Во централизираните, контролата е целосна. Во либерализираните, либерализацијата е целосна. Во општествата во какви ние тендираме да бидеме, тоа е еден сплет на мерки во кои има голема либерализација и мала контрола. Доколку тоа не се познава, јас ве молам, немојте да се обидувате на оние кои знаат тоа да им го објасните, затоа што управувањето со државните претпријатија, тоа ми беше втората теза на која утринава реков дека се плашам дека ќе дојде од опозицијата, и сега доаѓа и тоа од нејзиниот претседател. Тоа не треба да се гледа само во

контекст на овој Закон за јавни претпријатија кој закон е со три...

**ИНТЕРВЕНЦИИ ОД МЕСТО:**

Не е целата опозиција.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се извинувам на опозицијата, мислам на најголемата опозициона партија во Парламентот и нејзиниот претседател.

Не се однесува овде прашањето веќе само за јавните претпријатија, што се неколку во Македонија. Се поставува прашањето како да се управува во Република Македонија во економијата? Дали да се управува врз основа на сопственоста, што ј е базична претпоставка за едно пазарно стопанство? Доколку ние, врз основа на државната сопственост не даваме можност на државата да управуваме, автоматски ја скратуваме можноста и на приватните сопственици да управуваат врз основ на приватната сопственост. Принципот на управување според сопственоста се нарушува. И, со овие излагања на ВМРО-ДПМНЕ практично се укажува дек управувањето не треба да се врши врз основа на , сопственост. Тогаш се поставува прашањето како да се управува? Се наметна и одговорот од самото излагаше да се самоуправува.

Со обидот да се внесе демагогија дека не треба државата, тогаш се прашувам, повторно е прашањето кој? јас нема да го кажам тоа што го мислам, затоа што мислам дека ќе биде, се надевам дека паметните го сфаќаат, мислам дека ќе биде недостојно од оваа говорница да се изговори што се сака да се постигне со таквите тези и мислам дека токму тоа, некогаш свесно, некогаш од не знаеше, а незнаењето, цела историја покажала дека води во тоталитаризам, овој пат незнаењето на една пратеничка група, јас се извинувам на многу конструктивни дискутанти од таа пратеничка група кои до сега дискутираа познавајќи ги работите, може да доведе во тоталитаризам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Љупчо Георгиевски бара реплика.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Јас најпрво му благодарам на господинот Поповски што очигледно дека ќе ми дава вака и во иднина доста добри прилики за реплики, бидејќи очигледно е задолжен после секое мое излегување да настапува. Јас ќе го користам правото на реплики, нели.

Исто така, според она што го кажа во неколку реченици, исто така можам да искажам многу големо задоволство што самиот за себе кажа дека е многу паметен,|на неколку пати. Јас сепак респектирам и мислам дека е многу подобро тоа некој друг да му го каже освен сам на себе да си дели етикети, односно епитети.

Добро, во секој случај да не дискутираме многу за она што е вака или така. Не сакам на тоа да реплицирам. Само ќе се обидам бидејќи заради јавноста, бидејќи сите вие го имате законот, да ги прочитам измените за кои станува збор и за кои ние дискутираме денеска Не се многу. Се работи само за три членови.

Член 24-б: "Со јавните претпријатија основани од Републиката управува управен одбор.

Управниот одбор го сочинуваат претставници на Републиката што ги именува Владата и работници на јавното претпријатие.

Управниот одбор има 11 члена од кои 7 именува Владата, а 4 се избираат од редот на работниците врз принципот на стручноста и компетентноста". На овој термин "компетентност" ќе се навратам после

Член 24-в: "Со јавното претпријатие основано од Република Македонија раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија."

Член 196: "одредбите со кои се уредени прашањата за начините и постапките за избори и именувања на органите на управување и на работоводниот орган во претпријатието од посебен општествен интерес основани од Републиката престануваат да важат од влегувањето во сила на овој закон".

Ова се трите члена за кои ние денеска дискутираме. И, тоа е суштината на целата наша расправа денеска. Кажете ми еден член со кој се подобрува на било кој друг начин организацијата на едена фирма со која се придонесува за развој за таа фирма? Ништо од сето тоа нема. Ништо од сето тоа нема, само се изнесува начин на кој да се дојде до директор и до раководен орган на одредената фирма. Ништо друго.

Е, па, сега, ве молам, само за тоа дискутираме цело време. Јас ви реков, би бил подготвен да дискутирам и да го прифатам од принципиелни причини ако вашата Влада ни достави целосен закон за претпријатија, целосен закон за приватизација, целосен закон за уредување на десетици други проблеми што произлегуваат од овие неколку промени во економскиот живот. Ама да дискутирам само за тоа како да поставите директор, сметам дека е навистина смешна работата и ептен му е јасна и на оној и кој е компетентен, како што велите вие и кој не е компетентен.

Втора работа, ни делевте лекции кои се јавни претпријатија кои се општествени претпријатија. Еве, станете вие после, кажете ни, набројте 5-6 јавни претпријатија и 5 6 општествени претпријатија во овој момент според законите на Република Македонија, бидејќи сте многу компетентен, набројте ги, да знаеме на кои претпријатија мислите па та можеме да дискутираме понатаму. Тоа е основното прашање.

И, конечно, кога реков дека ќе се навратам на компетентноста, јас цело време на тоа сакам да ви укажам, меѓутоа нормално,вам на опозицијата ви е многу јасно и вам не ви ни зборувам, нели на некои луѓе. Зборувам за јавноста да може да ја сфати работата.

На кој начин членот 24 ќе се спроведува? "Со јавното претпријатие основано од Република Македонија раководи директор кој го именува и разрешува Владата на Република Македонија." Ако ви се појават тројца директори, од кои двајцата супер способни менаџери, способни луѓе, докажани луѓе, меѓутоа кои не се членови на вашата партија и еден одреден директор кој, можеби не е толку способен, меѓутоа е многу јак припадник на вашата партија, по принципот на таа компетентност која господинот Поповски ја кажа овде ќе седнат тројца претставници од Социјалдемократскиот сојуз и ќе кажат вие не сте компетентен за тоа, вие не сте компетентен за ова, овој е компетентен.

Кажете ми, вие господине Поповски, бидејќи Вашата парија од самиот почеток, јас се сеќавам уште од она време на формирање на владите, многу често го употребува тој збор "компетентен". Кажете ми една работа според која за вас еден човек е компетентен или некомпетентен. А јас ви кажав според кои принципи вие ќе назначувате директори на фирмите. Таму нема да има никаков друг принцип на компетентност освен принципот дали си член на комунистите или не си член на комунистите. Ниту еден друг аргумент за компетентноста нема да важи. Бидете убедени 10 0% во тоа. Само тоа е принципот на компетентноста кој важи за вас и за вашата партија а кој принцип на компетентност е до сега докажан најмалку 15-16 пати. Тоа ќе биде вашата аргументација.

И, повторно ви кажав, вие велите слободна демократија. Ниту слобода, ниту демократија ќе добиеме со ваков член. Само ќе го добиеме заокружувањето на контролата на целиот, на сите сегменти што значи живот на една држава. Онаму каде почувствувавте дека малку ви се расклатени конците, тоа е македонското стопанство, затоа што не можете да го контролирате, можеби заради синдикатите, можеби заради штрајкувачките одбори, заради работниците или заради нелојални директори, сега сакате и тоа да го ставите под контрола. Целата филозофија и целата суштина на овој закон е само тоа. И, да ги оставиме другите демагогии на страна.

И, кога Вие рековте дека "маските паднаа", јас се согласувам, маските навистина паднаа. Навистина ми е жал што гледам дека со донесувањето на 'еден ваков закон владејачката коалиција сака да воспостави потполна контрола на македонската држава. А, јас ве убедува! дека самото тоа ќе ви се разбие од глава за кратко време.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Никола Поповски бара реплика.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Добро, со оглед дека јавно сум прозиван да дадам некои објаснувања на господинот Георгиевски, јас ве убедувам дека последен пат ќе ги дадам, од идниот пат ќе наплатам за тие услуги.

Прво, по втор пат не се разбира што е јавно, што е општествено претпријатие и упорно се инсистира на тоа дека целото стопанство, а се работи за претпријатија кои се јавни и основани од Република Македонија како дражва. Тоа се неколку. Ќе ги кажам на господинот Георгиевски, меѓутоа ме чуди како станал пратеник а не ги знае кои се јавните претпријатија, што се неколку. Знаете, обичниот гласач ги знае тие. Ме чуди господинот што не ги знае, па јас ќе се потрудам да го упатам во гласачката

единица негова, веројатно тие ќе знаат да му кажат, што го избраа. Срамота е еден пратеник да не знае кои се јавни претпријатија...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте, ве молам.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Кога се повикувате на Италија, прашајте во Италија кои се јавни претпријатија и кој ги именува таму раководните структури во јавните претпријатија, пошто сте научиле како пратениците таму професионален или непрофесионален ангажман имаат, па ќе дознаете уште нешто. Ме чуди еден човек кој за себе смета дека е демократски ориентиран вели ја земавте Владата и воспоставивте контрола над извршната власт. Па, преземањето на власта, односно коалицирањето подразбира контрола над извршната власт. Што сакавте вие? Да имаме власт во која ќе нема контрола над извршната власт? Ќе ви ја предадеме вам контролата над извршната власт, а контролата ќе биде наша?!

Вие морате, во една демократска заедница да подразберете дека коалицирањето и владеењето подразбира контрола над извршната власт. Ако во вашата свест Владата подразбира нешто друго, тогаш е проблем со вашата свест. Во нашата свест, во коалицијата и во СДС коалицирањето и земањето на власта подразбира контрола токму над извршната власт, а не врз законодавната.

По однос на приватизацијата, сега не можеме ниту еден ниту друг да се убедиме, меѓутоа набрзо ќе дојде Законот за приватизацијата. Ќе видиме како ќе се однесуваме. Јас ве убедувам уште од сега дека вие ќе гласате против приватизацијата, а ние ќе гласаме за приватизацијата. Меѓутоа, велат за тоа потоа.

И сега, на крајот, бидејќи мислите еве, треба да се има компетентни, ние во Законот ставаме компетентни како владејачка коалиција и ќе инсистираме на тоа. Вие сакате да ви кажам што е компетентност. Па еве,

ќе ви кажам. Компетентен човек е тој што прави разлика помеѓу претпријатија кои се јавни и претпријатија кои се во општествена сопственост. Ете едно од прашањата кои кажуваат што е компетентност. Тој што не знае тоа, не може, на пример.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓицата Димовска процедурално.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, ми се чини дека со предлогот на измените за Законот за јавните претпријатија од страна на Владата требаше да биде поделен и текстот за претпријатијата што е донесен 1988 година и текстот на измените, бидејќи таму се определени и видовите на претпријатија. Исто така, јасно се зборува за претпријатија со општествена сопственост во кои што постои самоуправување.

Владата, а и господинот Поповски треба да го знае тоа, го задржува самоуправувањето, а предлага измени само на оној дел што се однесува на јавните претпријатија. За каква демагогија зборуваме...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, барате процедурално, а сега ќе навлезете во материјална расправа.

Има збор господин Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Јас сакав да кажам само 5-бзборови околу овие дискусии што ги слушам.

Верувајте, ми е жал што слушам двајца млади џентлемени овде да се натпреваруваат во знаење и незнаење.

Интересно е, јас имам добри пријатели насекаде. Имам пријатели и во Партијата ВМРО-ДПМНЕ, ги ценам многу, добри стручњаци. Дури не можам да си сфатам дека нашите работници од Република Македонија не

можат да разликуваат или не знаат што е тоа претпријатие од посебен општествен интерес и што е претпријатие. Мислам дека никој нив не може да ги излаже и заради тоа мислам дека многу штети на Република Македонија тоа што овде се парадира.

Да речам уште еден збор, вие двајца млади џентлемени, ниту знаете ниту сте виделе каде се пече и каде се создава лебот. Јас ви признавам на вашата интелектуална способност што ја искажавте овде, меѓутоа натпревар на две партии и посочување на народ, но во погрешна адреса насочувано, тоа е многу лошо.

Најпрво, мора да знаеме...

(Во салата настана џагор)

Еве, ќе завршам само со уште една реченица, гледам дека нема интерес.

Нашиот народ не може никој да го излаже. Не може да се прокламира од овде дека со ова што сакаме да го направиме ќе ја превртиме државата наопаку. Ене, имам колега, дипломиран економиста таму. Нека тој го каже тоа. Знам дека нема тоа да го каже, бидејќи не е тоа тоа.

Сакаме во тие претпријатија од посебен интерес за државата, таму да се воведе таков ред да не настане нешто што не е в ред. Па, кога ќе дојде ВМРО на власт ќе го смени директорот и ќе стави друг директор. Тоа е најнормално. И, зошто го насочуваме народот погрешно. Зошто утре по улица да не плукаат луѓето? Зарем тоа сакаме да правиме од Парламентот. Ние тоа не го сакаме. Зарем тоа сакам да го правам на моите колеги, пријатели, работници, 1300 работници во"Комуна" не дај боже. Чичиќ Пашко од "Комуна" да го викнам, тој ќе го каже ова, а камо ли некој, еве ние овде што сме пратеници. Мислам дека е срамота овде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега е 17,30 часот. Прекинуваме со работа, а утре продолжуваме во 10,00 часот.

(Седницата прекина во 15,30 часот).